

# ФОКУС


БРОЈ 30-31
27 април 1970
Цена 0,50 дин.

# И ВАМУ И ТАМУ И НЕГДЕ И СЕГДЕ



„ФОКУС“
неделник за млади

Издавач Градска конференција на СМ на Скопје

Техничко и ликовно обликување: Ристо Куфаловски
Лектор: Јасмина Јанева
Дистрибуција: Златко Пановски и Горазд Росоклија
Редакција и администрација — Градска Барака број 2
Телефони 32-170 и 32-010
Годишна претплата 20 динари, полугодишна 10 динари
Главен и одговорен уредник: Аљоша Руси

Печатница „Нова Македонија“

## Ш Т О   М И С Л И Т Е   С Е Г А?

Предпразничните денови се секогаш повод за некакви размислувања, разговори... Ако згора на тоа, празникот е ПРВИ МАЈ ете уште една можност да се пишува и говори за работниците, за непосредните производители. Одбегнувајќи ги (или барем тоа сакаме да го сториме) сите шаблони за вакви разговори, посетивме, на нивните работни места, неколку работници. Не бевме припремени со прашања, не бевме спремиле "специјални" теми на разговор. Сакавме тоа да биде секојдневна конверзација по обични проблеми. Затоа само се претставивме и ги замоливме да ни го кажат она што во моментот го мислат.

Не верувајте во случајност ако сите "медитации" се ~~се~~ [НА] различни теми. ТАКА САМО ОДБРАВМЕ, НИШТО НЕ ДОДАДОВМЕ.

ТРАЈЧЕ МИТРИНЧЕВСКИ - КВ механичар ~~во~~ "Механика II":

ПАРИ... ПАРИ... ПАРИ...

Ама баш сега што мислам? Море остави ме на мира, морам да ја извадам нормата, можеби и нешто повеќе, инаку отиде мојата плата од 90.000. А гледај го оној онаму, црниот Ахмед, тој од сабајле ништо не работи. Се мотка по сервисот со алатите а ништо не работи. Оди, тој нека ти каже, за да не седи бадијава. Иво една бригада сме. И после, со него треба да ја делам заработувачката. Што мислиш, правилно ли е тоа? Утре, а... утре јас ќе го заебам. Ќе се претворам дека ме боли заб и готово, не работам, а колите мораат да бидат сервисирани. Нека работи малку тој...

И после ќе се жалиме на состаноците. Море ние сме криви, секој сака да забушава". Да работиме толку колку насабајле се договараме и на состаноците дискутираме, ...е... кај ќе ни биде алот.

Е, пари, на парите мислам сега, затоа ти го велам ова. Си бројам колку сум извадил над нормата. Не стигнам ли до 140.000, ќе морами поручек да фатам нешто, некоја кола. Кому му се работи поручек, туку морам. Пари... пари на човека му требаат, жената ќе бара пари.

## Г Е Р М А Н И Ј О  А Х  Г Е Р М А Н И Ј О!

КАНЕВЧЕВ СЛОБОДАН-погонски инжињер во ЖЕЛЕЗАРА

Вчера добив писмо од брат ми кој е на работа во Карлсруе во Германија. Тој има 3о години и е 3 години постар од мене.Овде работеше како машински техничар во"Металски завод ТИТО" и пред неполни шест месеци појде да работи во Гремания.Сега од таму го добив ова писмо кое ме остави во дилема-да појдам или останам.

Додека работеше во Заводот,брат ми имаше 95.ооо плата.Сега само неколку месеци потоа тој има околу 1.ооо марки со обезбедено сместување. Пишува дека трошел доста а сепак му пстанувале 12о.ооо"чисти"динари,освен тоа имал и петнаесетодневен платен одмор и тринаесетта плата.

За мене тој гарантира дека во истата фабрика за лимени делови ќе најдел работа со личен доход од 15оо до 1.8оо марки.А јас сега заработувам до 15о.ооо.

Ќе појдам за празницива,ќе земам и неколку дена одмор и ќе го посетам брат ми.Ако ми се допадне ќе појдам.Зошто да не?Јас немам оформено семејство а можам да заработам за да формирам д о б р семејство .Со други зборови ништо не губам а можам да добијам.

Сигурно ќе донесам некој "Форд" или "Опел".Ех,од кога автомобилот ми е опсесија.

## В О  П О Т Р А Г А  П О  Л Е Б О Т

МИРЕЧЕВСКИ НИКОЛА-техничар без работа

Што може да мисли еден човек кој е без работа.Се разбира како да најде работа.Имам 22 години и пред две години завршив средно техничко училиште. Од тогаш наваму сум без работа.Всушност јас имам работа,ја барам работата.

Еве пред некој ден разбрав дека во "Газела" ќе примаат нови работници и сега искрено да ти речам барам ВИП за да почнам со работа.Морам,инаку не се издржува со пензијата на татко ми и шивачките пари на мајка ми. Море имав една шанса,ама јас будала;тогаш ми се родија "бубици" да студирам и го пропуштив местото.



Веќе две години сум на пракса а се прашувам што сум научил до сега. Често мислам на мојата работа,дури и в сон.Понекогаш во мислите ги штелувам моторите на автомобилите и се прашувам самиот себеси дали нешто пак не ќе згрешам,како тогаш!

Пред некоја недела калфата ми даде да ги наштелувам вентилите. Така ми се фатија рацете од страв што не успеав ни кутијата за филтерот за воздух да ја извадам.

Од тогаш наваму стално на тоа мислам.Не можам на друго ништо и да помислам.Се некако сам себе си се прашувам,дали залуд отидоа трите години на учење?Дали воопшто нешто сум научил за сето време на праксата?А толку сакав да бидам добар автомеханичар!

## К;АДЕ ДА НАЈДАМ СТАН?

ГРЕНОВСКИ ИЛИЈА-КВ работник во "Пивара"Скопска":

Еве пред две недели добив второ дете и наместо да му се радувам јас сега мислам на куќата-шупата моја во која седиме.Станаа пет години како стално ни велат дека ќе не рушат и никако тоа да стане.А јас,со мајка ми и жена ми со двете деца живееме во две соби,од кој едната е од ламарина.

Знаеш,ќе доградев нешто на тоа,ќе скрпев некој динари,ама не ми се дава ако ме рушат.Отидоа џабе моите пари.Досега и немислев многу на станот,

Си велев ќе ти дојде ред Илчо,не брзај,брза кучка слепи кучиња раѓа.

Од сега морам и на тоа да мислам.

Вчера бев во Станбено,да прашам.Никој брате не ти дава конкретен одговор. Те за два три месеца ќе не иселат,те тоа не било сега во план.Им велам јас,кажете ми луѓе искрено за да си го најдам "чарето".Никој ништо незнае отворено да ти рече.Ако и до лето не ми кажат ништо конкретно,тогаш сигурно ќе доградам нешто.Само нека дојдат тогаш инспекторите за да ми ја срушат"дивата градба".Ќе падне крв,стварно ти велам.Ми е здосадено стално на тоа да мислам.Морам.Дома не ми се оди,само кога ќе помислам дека на сред соба сега има корито во кое го бањаат детето.Ми се одмилува се,и жената и децата.А јас како и сите други сакам да им создадам на децата еден мирен дом.



Неа не ја интересира дали јас работам со самоуправување или без него. Сакаш телевизор,сакаш машина за праве,од оние автоматик,сакаш автомобил,се сакаш,а ПАРИ?Ете на тоа брате мислам,се некако на тоа ми се врти умот.

## НА ВИКЕНД

ЗЛАТКО ПЕТКОВ-електротехничар во скопската ЖЕЛЕЗАРА:

Правам планови за што подобро празнување на Први мај.Сакам да одам на викенд во Охрид.И најверојатно дека и така ќе сторам.Каде на друго место :за странство ти треба време и пари,додека во Скопје не ми се останува заради второмајските турканици по излетиштата и патиштата..

Во такви услови Охрид останува најподесно место за одмор и рекреација. Впрочем и таму ќе има доста народ,но сепак се надевам на добар провод. Мислам да ова викендување се повеќе претставува потреба а се помалку луксуз.Ете пред некоја вечер разговараме со жените;

гледаш,голем број автомобили и заклучуваш дека е тоа стандард,

гледаш,во Охрид се повеќе народ за време на празниците и неделните одмори и заклучуваш дека тоа е последица на зголемениот стандард.

Тоа ме радува.Чинам да одиме напред,чекориме со времето.Не "трчаме",ама и не "лазиме".Имаме еден раст на животниот стандар и јас лично сум задоволен.

Во својата 26 година јас имам и стан и автомобил и знам да ги користам благодетите на ова општество.Добро е.Да, да,добро е.Има нешто што недостасува но со времето се ќе биде решено.Таков сум,гледаш и самиот-непомирлив оптимиста.

## СТРАВ ОД РАБОТА

ГЕРАСИМОВСКИ ПАНЧЕ-ученик во УЗУС,на пракса во "Механика II"

Сега виде и слушна како ми се "издра" шефот-бригадирот.А зошто?Затоа што не сум го исчистил со крпа моторот од автомобилот на една странка.А искрено да ти кажам ми здодеало сето тоа.Или тркалата треба да ги менувам,или на калфава алатото да му го носам од место на место.Тоа ли е работа?



## СТАНДАРДОТ НА МЛАДИТЕ ДЕНЕС (1)

# СЕКОЈ ДО ПРИМАЊАТА



Последниве месеци, нашите нај високи општествени и политички форуми многу често ги анализираа проблемите на младите кај нас, ја оценуваа сегашната општествена положба на младата генерација во рамките на целокупната политичка состојба на нашето поднебје.

Меѓутоа, изгледа дека недоволно се согледуваше комплексното прашање на младинскиот стандард, економската положба на младите и сите витално важни односи во врска со социјалната диференција што, секако е премногу чувствително прашање, но и (токму заради тоа) премногу релевантно за да се заобиколува или површно анализира.

Проблемот, веќе спомнав, е комплексен. Секое општо и неаргументирано определување на причините и последиците за постојните разлики во стандардот на младите може да има многу незгодни политички последици, токму заради чувствителноста и деликатноста на проблемот. Тоа е причината, ова прашање да го разгледувам заедно со младите луѓе, непосредно, низ разговорите со нив, респектирајќи ги нивните прозаични проблеми и желби, но и со извесна резерва кон некои нивни сфаќања, за кои сметам дека се резултат на недоволната политичка и идена подготвеност. Се работи, поточно, за извесни сфаќања и оценувања кои се повеќе емоционално фундирани, отколку објективни и суштествени.

Нашите млади луѓе обично за време на школувањето — од основното до највисокото, академското школување, не заработуваат за својот живот. Тоа особено се однесува на помладите ученици и средношколците, за кои всушност и не постојат можности за некак во запослување. Студентите од внатрешноста почесто добиваат стипендии и кредити, а поретко имаат сезонско или редовно запослување. Но, сосем е очигледно, ниеден студент не би можел да го заврши своето школување, ако е стипендијата или кредитот, па дури и сезонското запослување, единствен извор на егзистенција.

Значи, родителскиот буџет е најчесто изворот на материјалното осигурување на младите луѓе — студенти или ученици.

Не треба, се разбира да се заборави дека извесен дел од младината ја сочинува работничката младина, непосредните производители. Нив не може да ги заобиколи една поширока и објективна анализа на младинскиот стандард, на економската состојба на младите воопшто.

Иако прашањето на стандардот на младите работници ќе биде предмет на посебно разгледување, денес ќе ви се претстави и еден млад работник, со искажување за неговите материјални можности, покрај искажувањата на другите категории младинци.

Значи, почнуваме со основното прашање: какви се материјалните можности на денешниот младинец кај нас?

Јосиф Чоневски е матурант. Од родителите добива пари секогаш кога има потреба од нешто — значи, нема определена сума, но спрема неговите пресметнувања, веројатно „располага“ со десетина илјади стари динари. Родителите се службеници и тоа не претставува посебно оптеретување за семејниот буџет; покрај тоа, Јосиф добива средства и за нешто ново и модерно, нешто што не било предвидено за овој месец, на пример модерна кожна виндјакна — што е извесен луксуз — „според мене, но родителите не прават проблеми, зашто ретко правам такви исклучоци...“

Коста Костовски е седумнаесет годишен ученик во стопанството, родителите му се работници. И Коста нема определен „џепарец“, но не се осудува да потроши повеќе од пет — шест илјади, главно за цигари и кино. „Порано, кога не работеше мајка ми, немав смелост ни толку пари да барам. Се снаоѓав, а од дома земав кога ќе бев во криза“..

(Не е тешко да се наслути како се снаоѓал младиот Коста. Но, може ли да му се префрли за тоа што не се осудувал да бара пари од родителот, кога има семејство со скромни материјални можности?)

Билјана Павловска е студентка на Правниот факултет. Родителите се просветни работници на Универзитетот, па таа нема посебни ограничувања на материјалните барања. Едниот од родителите и дава петнаесет илјади стари динари на почетокот на месецот, а другиот родител ѝ дава кога ќе и бидат потребни.

„Не знам колку точно имам за трошење, но верувам дека немам повеќе од дваесет и пет илјади динари месечно“.

Мирјана Боланче е ученичка во гимназијата „Орце Николов“. Ќерка е на офицер и домаќинка и има уште една сестра — ученичка. Не може да рече колку точно добива пари од родителите, но со малку размислување би можела да ви одговори дека не ѝ се потребни повеќе од десет илјади динари месечно, се разбира, ако не мора да купи некоја нова блуза или чанта, а со тоа не се со-

# БИВА СПОРЕД НА РОДИТЕЛИТЕ

гласуваат родителите. Тогаш таа може да ја купи, но од „своите пари". Тогаш има помалку пари" за секојдневно трошење низ градот". Таа смета дека сумата што ја добива е доволна.

Жарко Ивановски добива пет илјади стари динари секоја сабота од неговиот татко, кој е адвокат. Мајка му е домаќинка, но и таа му дава често пати пари, зашто „тој знае да ја убеди". Значи, пресметнувањето би било: Нај малку дваесет и пет илјади месечно. Се разбира, задоволен е и не мора да се снаоѓа Жарко е, инаку, студент на Правниот факултет, не многу успешен, но тоа не влијае на неговиот „џепарец".

Вера Јованоска е ученичка во Средно — техничкото училиште. Од родителите, кои се запослени, добива на почетокот на месецот по пет илјади динари. Нејзе и не и треба повеќе. Дури, често не ги потрошува сите пари, па некогаш од заштедата купува нови чевли или козметички препарати.

Борис Котевски е млад работник во фабриката „Газела". Тој, секако, не добива пари од родителите, ами напротив, им дава околу триесет илјади секој месец, затоа татко му е пензионер, а мај ка му домаќинка, а за брат му и сестра му не би имало доволно за нивното школување, ако и тој не учествува во домашниот буџет. Останатата сума — околу седумдесет илјади динари (некогаш оваа сума се смалува до педесет илјади) ја заштедува — за стан, зашто наскоро сака да има свое семејство. Самиот рече дека не троши премногу за секојдневните излегувања со девојката — пет илјади динари месечно.

(Очигледно, излегувањето на Борис не е којзнае колку ексклузивно и скапо. Но, станот е поважен од забавата — резонува, младиот работник).

Во разговорот со Павле Бошковски дознавме дека неговите родители му определуваат пари за секој месец спрема успехот во училиштето. Тоа има петнаесет години и е ученик во гимназијата „Кочо Рацин" во Ѓорче Петров. Досега е одличен, па има награда за тоа осум илјади месечно. Задоволен е и од успехот и од наградата, иако не мисли дека наградата делува особено стимулатив но. „Сепак, мислам дека и во било кој друг случај, не би добивал ни помалку ни повеќе".

Последни наши соговорници беа Ивана Петрушевска и Снежана Јакимовска. Двете се студентки на Медицинскиот факултет. Родителите на Ивана се запослени: нивните вкупни приходи се околу четиристотини илјади стари динари месечно и за својата единствена ќерка одделуваат дваесет илјади динари на почетокот на месецот. Ивана не смета дека е тоа многу, иако би можела и со помалку. Но, ете таа е дома единственото дете и родителите не би се воздржиле да ѝ дадат и повеќе пари, — но како ќе може да потроши нивната Ивана толку многу пари?

Снежана е „нешто" поскромна со своите материјални можности. Нејзиниот татко е работник и нема поголема плата од осумдесет илјади стари динари. За тоа, Снежана нема определен „џепарец", но може да побара пари кога ќе посака. Бидејќи има уште еден брат, а мајка ѝ не работи, таа се воздужива од често барање. Дали и таа се снаоѓа? Не ни рече, а изгледаше премногу скромно за да би можела да најде некој начин за да „заработува" на некој начин.

Не прима ни стипендија, ни кредит, но се надева од идната година да добие кредит. Сега е прва година на студии.

Ете, тоа беа искажувањата на младите од градот. Ако може да се суди спрема горните факти, постојат очигледни разлики во економската положба на нашите младинци. Навистина, најчесто сретнуваме младинци кои располагаат со „пристојна" сума од десет илјади стари динари месечно за секојдневните потреби, но има и многу големи разлики меѓу извесни категории младинци.

Очигледно, невозможно е да имаме сите еднакви можности кога ни нашите родители немаат исти плати, кога ни нашите родители немаат исти становиште еден збор, кога и стандардот на нашите родители е различен.

Но, како и каде ги потрошуваат младите „своите" пет или, десет илјади динари месечно? Тоа е второто прашање во врска со младинскиот стандард, на кое повторно одговараа младите од нашиот град. Нивните одговори — автентично ќе бидат забележани во иниот број.

Спасе ЈОВКОВСКИ

# НОВА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА

**МНОГУ ПАТИ СМЕ ПИШУВАЛЕ ЗА РАБОТНИЧКАТА МЛАДИНА, ЗА ПРОБЛЕМИТЕ НА МЛАДИТЕ ПРОИЗВОДИТЕЛИ. ЧЕСТО ТОА БИЛЕ ПОПАТНИ РАЗМИСЛУВАЊА, УЛИЧНИ ИНТЕРВЈУА, БЛИЦ АНКЕТИ".**

**НИКОГАШ ДОСЕГА ВИСТИНСКИ НЕ СМЕ ГО ИЗМИЕРИЛЕ ПЛУСОТ НА МЛАДИТЕ ПРОИЗВОДИТЕЛИ. ШТО ГО ЗГОЛЕМУВА ИЛИ НАМАЛУВА НИВНИОТ „КРВЕН ПРИТИСОК"? ШТО Е ТОА ШТО ПОСЕБНО ГИ ИНТЕРЕСИРА МЛАДИТЕ ВО РАБОТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ? НИТУ ЕДНАШ НЕ СМЕ РАЗГОВАРАЛЕ, ШТО БИ СЕ РЕКЛО, НА „КРУЖНА МАСА". ОВОЈ ПАТ РЕШИВМЕ ДА СЕ ПЛАГИРАМЕ САМИТЕ СЕБЕ СИ. И УШТЕ ЕДНАШ ДА ЈА ПОЈАЈМИМЕ ИДЕЈАТА:**

**ДА ПОСЕТУВАМЕ, РАЗГОВАРАМЕ, ЗАДРЖУВАМЕ.**

**АКО ГО ОДРАЗИМЕ ВАШЕТО РАСПОЛОЖЕНИЕ ДА ГИ ОТКРИЕМЕ ВАШИТЕ УСПЕСИ И ПРОБЛЕМИ — ЈА ПОГОДИВМЕ ЦЕЛТА. АКО НЕ ПРИМИТЕ ВО ВАШИТЕ РЕДОВИ И БИДЕТЕ ИСКРЕНИ ВО ВАШИТЕ ИЗЛОЖУВАЊА — УСПЕАВМЕ. ЗНАЧИ; ЈА ИМАМЕ ИДЕЈАТА, ГО ЗАДРЖАВМЕ СТИЛОТ, ОДБРАНА Е СТРАНИЦАТА, ОСТА НУВА РЕАЛИЗАЦИЈАТА. НИЕ ЌЕ СЕ ПОТРУДИМЕ.**

Тоа што „ОХИС" ги „отвора" овие разговори е намерна коенциденција:
прво: со еден внатрешен процес на нова организација во работењето,
второ: со положбата во која ќе се најдат мла дите производители на овој комбинат,
Тоа беше ПОВОД,

Афирмација на младите со разговорот изнудена тема. Во двочасовниот разговор учествуваа: ДУКОВСКИ ТРИФУН, ВЛАДИМИРОВА ВЕСКА, УЛЧАР ФРАНЦ, ИЛИЕВСКИ ЃОРЃИ, СТОЈЧЕВСКИ ЦВЕТАН, МИЛЕВСКА ВЕСЕЛА И ТРИПЕЗА, НОВА АСПАЗИЈА.

**АФИРМАЦИЈА — МОЖНОСТ**

— Ми се чини дека деталното објаснување на новата организација во работењето на „ОХИС" е непотребно излагање за широката јавност од проста причина што би зазело простор, а би требало и време. За нас, па и за општеството е поважно: што новата систематизација на работни места треба да донесе?

— Пред сè зголемена продуктивност и ефикасност во производството. Така барем тврдат авторите. Колку тоа ќе се оствари ќе покаже времето. Во секој случај тоа не е работа за месец — два.

**ЗОШТО Е ЗА МЛАДИТЕ ИНТЕРЕСНА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА?**

— Сè што е ново, па и ова, за младите е интересно. Меѓутоа, новата организација меѓу другото создава нови, а истовремено укинува некои стари работни места. Во една таква положба постои реална раздвиженост во младинските редови.

— Зошто? Па, тоа би овозможило да се добие некое ново, повисоко работно место. Да се напредува.

— „ОХИС" постои 12-тина години. За тоа време со една добра кадровска политика денес е формиран еден фонд на добри стручњаци. Тоа не значи дека во „ОХИС" нема сèуште луѓе кои ги држат своите места, а за тоа немаат соодветни квалификации. Впрочем, тоа е така и на други места. Но, сега сме во една поповолна положба. Возможно е, а тоа го бара и една современа технологија на производство, на тие места да дојдат млади луѓе, факултетски наобразувани. Тука е една од интенциите на новата организација во работење.

**ДАЛИ ИМА ОТПОРИ?**

— Нормално. Некаде тоа се чесни начини на борба, но не се исклучителни и интригите, „подземните", зад кулисни, гнасни отпори. Секој сака својата позиција да си ја задржи. За некое изгледа понижувачки ако директор биде „деградиран" во шеф. Кој не сака да директорува?

— Секој што дошол како директор и сака да си оди како таков.

На крајот на краиштата афирмацијата на младите во вакви услови ќе биде поуспешно доколку постои стриктна примена на прописите.

**АФИРМАЦИЈА — ПРОБЛЕМИ**

— Сето ова што досега го рековме се внатрешни проблеми кои без никакво додавање можат да бидат и општи прашања кога се зборува за афирмацијата на младите.

— Кога предираме кон овој, толку голем, збор, тогаш за појаснување морам да речам: сето ова важи доклоку постојат квалитетни стручњаци меѓу младите производители.

— Освен тоа ми се чини дека се потрбни и лични квалитети. Зошто да не можеме да се спротивставиме таму каде што имаме право? Една храброст ни недостасува.

Сèуште постои она лично додворување до претпоставените. Сè накако гледаш да избегнеш судир и ако ги согледуваш грешките. Ако имаш „три чисти" кажи му нешто на директорот што е во спротивност со неговиот став.

— Знаш, некогаш се напредува и со убавина. Инаку, тешко е да допреш до директорските кланови, ако не им припаѓаш.

— Една „семејна" атмосфера како пандан на ВИП сèуште е присутна, јас тебе, ти мене. Што знам, можеби тоа е одраз на меѓучовечките односи?

**АФИРМАЦИЈА — МОЖНОСТИ**

Афирмацијата на младите на систематизацијата е само лична, поединечна можност да се избори некако место во работната организација Она што за мене е предуслов во колекктивната, општествена афирмација на

## ШАНСА ЗА МЛАДИТЕ

младите тоа е секако делување низ Сојузот на младината, СК и Синдикатот.
— Младинската организација во „ОХИС“ е формирана пред година и пол и нормално е да се очекува дека е сѐуште непопуларизирана.
**ВО КАКВИ УСЛОВИ ДЕЛУВА МЛАДИНСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА И КОН СЕ НЕЈЗИНИТЕ ОСНОВНИ НАПОРИ ДА ГО ПРИДОБИЕ СВОЕТО ЧЛЕНСТВО?**
— Што прави? Е тоа е многу важно! Меѓутоа, изгледа дека имаме само добри замисли, а слаба реализација. Во краен случај сета активност е сврзана помалку или повеќе за материјални издатоци, а ние немаме никакви средства. Ниту динар.
Не чуди се. Предлагавме работни акции во кругот на фабриката за да заработиме некој динар. Не одбија. Сакавме да отвориме клуб — не одбија. Да организираме спортски натпревари. Не одбија. Мотивацијата е една: нема пари.
— Сам оцени каква афирмација имаат и младинската организација и младите низ неа?
**ДАЛИ „СЛУЧАЈОТ МЛАДИНА“ Е СЛУЧАЈ СО СК?**
— Не така драстично, не од тој аспект, а на крајот сепак да.
Денес Сојузот на комунистите, мислам на базичните организации, не е во состојба да ги придобие младите. Таа не е атрактивна во онаа поширока ако не искрсне некоја „нова Чехословачка“. Во тие бурни денови околу Чехословачка, во СК беа примени 50 младинци, до денес 25 се исклучени.
**ЗОШТО?**
Од разни причини. Доминантни се неприсутноста на состаноци и нередовното плаќање на членарина.
— Состаноците се долги, ништо конкретно не се решава. Млатиме „празна слама“.
— Се донесуваат заклучоци кои не се спроведуваат или не барем така како што треба.
**— ШТО ПРЕВЗЕМА СК ТОА ДА НЕ СЕ СЛУЧУВА?**
— Изгледа дека новата систематизација ги размрда нашите редови. Сега состаноците сѐ повеќе се посетувани. А и не траат многу долго.
— Само се плашам тоа да не биде привремено. Дувнал ветерот, однесол сѐ. И тогаш сѐ по старо.
— Она што деновиве се случува на состаноците, било на синдикат или на партијата, зборува во прилог на оваа моја констатација: кога личните интереси се засегнати, присуството е „обавезно“.
— Мора да се признае дека младите комунисти не ја даваат онаа еластичност, свежина во делувањето на Сојузот. Можеби премногу верувавме во сопствените сили.
— Добро е тоа што Сојузот на комунистите на Македонија решил да дискутира за прашањата што ги тиштат базичните организации. Редно беше.

— Сега кога зборуваме за овие организации и нивното делување ми се наметнува една мисла:
— Парата, динарот е пред сѐ друго. Луѓето кои доаѓаат на состаноци, тие така барем размислуваат, подобро би го искористиле своето време во една лична работа од која може би ќе „падне“ некој динар.
**— АФИРМАЦИЈА — МОЖНОСТИ**
— Мора да се признае дека примивме, а и ќе примаме доста приправници. Само за последните две години примени се околу 250 приправници. Ова не Ви го велам за да ја обелиме малку црната состојба. Сакам да кажам дека вратите на младите луѓе во „ОХИС“ им се отворени. Само потоа треба да издржат. Да не останат и по три години приправник.
— Всушност, постојат одредени категории на стручњаци кои можат да напредуваат и за нив е лесно.
**— АФИРМАЦИЈА — ПРОБЛЕМИ**
— Прашањето на приправниците не асоцираа на еден проблем. Кај нас повеќе се одвива одличниот доход ако немаш стаж — 4%, отколку ако немаш квалификации — 3%. Излегува дека е подобро времето поминато во образование да го поминеш во работа. Ако имаш стаж, побрзо заработуваш, а по една логика и не многу сето тоа ти штети.
— Секој еден стручњак на кого му се нудат подобри услови е спремен да си оди од „ОХИС“. Ние сега сме во една состојба кога низа млади стручњаци си одат. Не им е дадено стан, немаат соодветни лични доходи (кои на друго место би ги имале) итн.
— Кога еден инжинер во погон има сто и пет наесет илјади, логично е тој да биде „сообраќаец“. Имено, своето работно време тој го минува во следење на печатот и тоа на онаа конкурсна страна. Изгледа дека една поранешна кадровска политика условена од специфичните можности и услови ќе биде нарушена.

* * *

**ЕТЕ ТОА БЕА ОСНОВНИТЕ ЗАБЕЛЕШКИ ОД ОВОЈ РАЗГОВОР. СИГУРНО ДЕКА ПРАШАЊЕТО ЗА АФИРМАЦИЈАТА НА МЛАДИТЕ НЕ Е РАЗГЛЕДАНА ОД СИТЕ АСПЕКТИ. ТОА Е НЕВОЗМОЖНО, А НЕ БЕШЕ И ЦЕЛ. ЈАСНО Е ДЕКА СЕ ТОА ЛИЧНИ РАЗМИСЛУВАЊА СО ОПШТИ ПРЕТЕНЗИИ, НО ВО СПЕЦИФИЧНИ УСЛОВИ. НЕДОСТАСУВААТ НИЗА НИТНИ, НО НИЕ НЕ ЌЕ ГИ ДОДАВАМЕ.**
**— ОСТАНУВА ВПЕЧАТОКОТ ЗА ИСКРЕНОСТА ВО РАЗГОВОРИТЕ. САКАВМЕ ЕДНОСТАВНО ДА ГО ЧУЕМЕ НИВНОТО МИСЛЕЊЕ БЕЗ КОМЕНТАР, ОГРАДУВАЊА ИЛИ ДОКАЗИ. НИШТО ОД ТОА. РЕЧЕНО Е И НИЕ ОД ТОА НЕ ЌЕ ПРАВИМЕ ОПШТИ ЗАКЛУЧОЦИ, ПОСЕБНИ НАПИСИ.**

Сашо Чомовски

# ЗА СОЦИЈАЛНАТА НЕЕДНАКВОСТ

Во историскиот развиток на општеството социјална еднаквост постоела само во првобитната општествена формација. Таа била условена од ниската продуктивност која овозможувала да се добијат онолку производи колку што биле неопходни за живот. Кога во понатамошниот развиток било можно да се произведува повеќе, се појавила социјална нееднаквост. Таа го пропратува развитокот на општеството сè до денес. Според визијата на Маркс, социјална еднаквост ќе постои дури тогаш, кога производните сили ќе бидат толку развиени за да можат да овозможат производство на производи во толкава мера што секој ќе може да добие спроти своите потреби.

Значи, кога производи има само толку колку што е неопходно за живот или кога ги има во изобилство можна е социјална еднаквост. Во останатите случаи секогаш се поставува прашање на кој начин ќе бидат поделени производите. Историјата нуди повеќе одговори кои се во зависност од степенот на развиток на производните сили (социјална нееднаквост постои кај сите).

Нашето општество не се наоѓа на таков степен на развиток за да може да овозможи задоволување на сите потреби на секоја единка. Нашите можности се ограничени и скромни. Овозможуваат адекватен стандард со кој не сме задоволни. Повисок животен стандард може да обезбеди само поразвиено општество. Оттаму се наметнува потребата за што побрз развиток. Затоа е потребно секоја единка максимално да ги развива своите можности, а потоа, во процесот на произведување да ги реализира. Единката мора да го најде и својот интерес за да го направи тоа. Сознанието дека му служи на општиот прогрес не ѝ е доволно (ако се остане само на тоа). Единката мора да биде стимулирана, а најреална стимулација (и најефикасна) е материјалната. Затоа гесло на нашто општество (воопшто за социјалистичкото) е „секому спроти ефектот на неговиот труд". Таквиот начин на распределба сам по себе создава социјална нееднаквост. Социјалната нееднаквост што произлегува од различниот ефект на труд е системски нужна, па и оправдана.

Иако кај нас е прифатена идејата за наградување спроти ефектот на трудот, во пракса недоследно се применува. Во многу установи и претпријатија практично сèуште се добиваат плати (својствено за наемниот од-

верна слика на маките и страдањата на целокупното човештво заради група личности чии што идеји се граничат со здравиот разум и Хитлер и докази во тоа време заборавме на општествени и верски граници, овој филм може да им служи не само на учениците, младите туѓе и повозрасните генерации, туку и на нашите ценети професори. Но, тие кои што ја прифатија нашата идеја со две раце, дури ни со една нога и едно око не дојдоа да го видат однесувањето на оние кои што не ги испратиле. Да ги видат оние позе кои висат од балконот и чија што малограѓански дофрлувања, кои кога би ги напишал би поцрвенела и хартија (иако таа е навикната на секаков вид вулгаризми и бљувотини). Не би сакал да ги навредувам добровоспитаните и примерни ученици, меѓутоа, ним им беше многу поедноставно да се втопат во реката на безпримерниците, отколку со својот пример да покажат како од примика би требало да се однесува еден социјалистички образован младинец. Накратко, потпирајќи се на професорите, замалку ќе доживеевме слом. Кога веќе ни ги продадоа картите и кога ни го пратија „кремот на гимназијата" можеа да ни го вратат остатокот на карти пред проекцијата на филмот, да им ги поделиме на оние кои знаејќи за вистинската вредност на филмот бараа карта повеќе. (Пример: со 15 ученика од едно основно училиште кои единствени дојдоа со својата наставничка), или нашата постојана публика, луѓе кои се малку, но заради кои вреди да се направи многу повеќе отколку сево ова. На крајот и на оние стари луѓе кои со бастум и очила дојдоа да преживеат преку слики едно далечно горчливо минато и на лице место да се уведат до каде стасала нашата младина денес. Ако е потребно ние и понатаму ќе прикажуваме филмови, со уште попразни сали, бидејќи нашето гесло не е она кафанско: „за празни маси не се свири" бидејќи, подобро и така, отколку гимназиите да ни праќаат кафанска публика. А ние и без нив ќе бидеме среќни бидејќи знаеме дека оние кои дошле се навистина „наши", оние за кои уште еднаш вреди да се стори сè и повеќе од тоа, бидејќи тие знаат да ценат и остануваат верни и во најтешките моменти. И кога бродот тоне.

Во име на физмската младина

Градимир Здравковиќ

# ДАЛИ СЕКОГАШ МОЛЧЕЊЕТО Е МУДРО?

Изминатите неколку месеци, нашата јавност со особено внимание ги следеше подготовките на новиот среднорочен план. Нема да биде претерано да се каже дека во овој политички момент, општествениот план наполно ги мобилизира сите масовни политички и општесвени институции. Дискусиите за среднорочниот план се насекаде присутни: од општинските политички и претставнички органи, до сојузните самоуправни тела. Значи, на сите општествени инстанци, во сите области на општествениот живот.

Сосем е разбирливо интересирањето на јавноста за новата општествено — економска програма што ја подготвува сојузната влада. Уште повеќе е разбирливо што анализирањето е многу широко и многустрано. Нашиот демократски општествено — политички систем не содржи никакви бариери за јавноста, а тоа, се чини граѓаните максимално го користат.

Меѓутоа, кога станува збор за ангажирањето на младите во разгледувањето на новиот среднорочен план, работите стојат поинаку. Пред неколку броја нашиов весник ги донесе кусите искажувања на неколку младинци од нашиот град во врска со општествениот план. Нивните забелешки беа навистина такви, што не би можеле да се сметаат ниту за конструктивни, ниту за корисни искажувања за ова значајно прашање.

Каде е сега младинската организација? Зошто оваа најмасовна организација на младите не организира собири на своите членови и да им овозможи јавно и официјално да се искажат младите граѓани за планот? Во толку повеќе што значаен дел од општествените обврски во идните години ќе ги преземат

# »НЕШТО ЗА СТУДЕНТИТЕ НА ЕМФ

**Ова е една мала репортажа за студентите на Електро — Машинскиот Факултет и проблемите со кои тие се соочуваат за време на нивното студирање, кое на овој факултет редовно трае девет семестри, плус дипломска работа, што значи 5 години редовно студирање.**

**За изгледот на ЕМФ не треба многу да се зборува. Тоа е една нова зграда, која се одликува со пространи предавални, гардероба, добро опремени кабинети, читална, бифе и се друго што е потребно за одвивање на нормална настава.**

**По ходниците можат да се сретнат убави и најразновидни цвеќиња, што е од своја страна за секаква пофалба. Меѓутоа, мора да се напомене и тоа дека кај некои студенти, како да постојат тенденции да го нарушат изгледот на овој факултет. Имено, тие своите испушени цигари ги фрлаат каде ќе стигнат, иако по сите ходници постојат пепељари за чија намена не би требало многу да се зборува. Меѓутоа, вакви и слични, така да ги наречам, испади, за среќа се се поретки така што во најскоро време, со добра волја на студентите, се чини дека тие наполно ќе исчезнат.**

**Од сето ова би можело дури да се заклучи дека, студентите на овој факултет навистина нема на што да се пожалат. За жал, тоа не е така. И овде постојат проблеми, кои, впрочем ги има и на многу други факултети. Овде ќе бидат изнесени некои проблеми кои се можеби специфични на овој факултет. Велам, можеби специфични, од проста причина што такви проблеми би можело да постојат и на други факултети.**

**Едно од најболните прашања, се учебниците. За решавање на ова како да не е многу сторено. Јасно е дека, материјалниот фактор е пресуден за неговото решавање, но со ангажирање на другите фактори секако би се постигнале подобри резултати. Пред сè, овде се мисли на оние кои се одговорни за наставната програма. Ако веќе се прави наставен програм по извесен предмет, тогаш тој нека се базира на една или две книги кои лесно можат да се набават и во доволни количини. За жал тоа, по сè изгледа, не е така. Како пример ќе ја наведам трета година на електро отсекот.**

**Студентите од III год. електро отсек во текот на V и VI семестар слушаат предавања од осум предмети. Книги, од кои еден просечен студент би можел да спреми испит, постојат само за три предмети (теоретска, електромагнетика, електрични мерења и странски јазик). За останатите пет предмети или воопшто не постои книга, или постои печатена на странски јазик, со кој, ретко кој владее така добро, за да може да спрема испит.**

**Како последица од сето ова е појавата студентите да се принудени да учат и спремат испити од своите белешки, направени за време на предавањата, кои се честопати минимални и нецелосни. Со такво знаење студентот оди потоа на испит, на кој или паѓа или пак положува со минимално знаење што од своја страна на еден иден инжињер може само да му штети, а никако и да му користи.**

**Секако, очигледно е дека напорите кои се прават за решавање на ова прашање треба да се зголемат за да би можело што побрзо да се користат плодовите од таквите напори.**

**Преголемиот број на предавања и вежби исто така е честа тема за дискусија кај студентите од овој факултет. Иако се знае дека на слични факултети во Југославија бројот на неделните часови изнесува максимум 30, на овој факултет кај некои годишта тој број достигнува 36. Ваквата презафатеност на студентите секако доведува до послаб успех. Студентите (поголемиот број од нив) се скоро цели 5 дена, на факултет. Во слободната сабота и недела ги цртаат програмите и елаборатите од лабораториските вежби, така што всушнст слободно време за учење воопшто не постои, или ако го има тоа е минимално. Кон решавањето на ова прашање ќе треба да се пристапи што побрзо, ако се сака од овој факултет да излегуваат поквалитетни инжињери кои би имале поголемо и поспецијализирано познавање за одредени области, и како такви поуспешно би се вклучиле во процесот на производството.**

**Едно од најактуелните прашања на овој факултет (а можеби и на другите факултети) е потребниот услов за запишување на наредна година. Ова прашање се провлекува од година во година и сè уште нема трајно решение. Причината за ова е секако одредбата од статутот, која вели, да за запишување наредна година се потребни минимум 45% од вкупниот број на поени и ликвидирани испити од предходната година. Ова на прв поглед и не изгледа толку тешко за остварување, но ако се земат во обзир и понапред наведените проблеми тогаш за некои години (особено втора, трета и четврта) тој услов претставува голема тешкотија.**

**За оние кои не се упатени во тоа, како се врши поенирањето треба да кажам дека, се зема вкупниот број од предавања и вежби и се множи со оценката која се добива по положувањето на дадениот предмет. Досега беше усвојувано по барање на студентите, за прва година минималниот број на поени да биде 45%, за втора 35% со ликвидирани испити од прва година, за трета 25% со ликвидирани испити од втора година, а од четврта за петта година единствен услов да бидат ликвидирани испити од трета година (а за некои генерации ни тоа).**

**Доколку се усвојат и овие услови по барање на студентите, тогаш тие би биле адекватен одраз на способностите и условите во кои студираат студентите на овој факултет — тоа е мислење на повеќето студенти. На тој начин би се овозможил помирен тек на студиите, подобар успех кај студентите што во крајна консеквенца е и основната желба на колективот на овој факултет. Меѓутоа, за да се дојде до една таква состојба, потребно е заедничка иницијатива и меѓусебно разбирање на студентите и професорите.**

**Статутот на овој факултет е изгласан поодамна и како таков тој не се менува секоја година. Но, како од ден, на ден се менуваат разни други услови, така одредени одредби од тој статут треба да се прилагодат на тие новонастанати услови. Овие одредби, меѓу кои и одредбата за уловот за запишување на наредна година, се менуват по барање на студентите. Ваквата состојба ќе трае сè дотогаш додека не се донесе некое трајно, прифатливо решение или едноставно, додека не се изготви новиот статут, кој (како што добив информација) би требало да излезе некаде во септември.**

**Заради тоа, студентите треба своите барања да ги изнесат што побрзо за тие да се разгледаат и евентуално вклучат во новиот статут. А за во тоа да се успее, секако ќе треба сите студенти да делуваат компактно, со јасно издиференцирани барања и се разбира открога малку повеќе самокритични ќе се осврнат на сите проблеми и барања. Важно е тие да се проанализираат и на крај сите заедно да донесат едно најприфатливо решение кое ќе биде пред сè реално. Ако потоа преку Сојузот на комунистите и преку студентската организација се оди со тоа барање, тогаш секако неговото решение ќи биде брзо и прифатливо за сите студенти.**

**Но, за жал, тоа сѐуште не е така. Студентите се зачудувачки пасивни, неорганизирани, немаат заеднички желби и поради тие причини не можат успешно да дејствуваат. Секако тие би требало подобро да се организираат, па заедно со помош на професорите, деканот и продеканот, со заеднички сили и со обострано разбирање да ги решат сите проблеми кои во крајна линија им штетат на самите студенти. Се разбира има проблеми кои и со најдобра волја не можат да се решат брзо и ефикасно, но сепак, со тоа што веќе се почнало на нивното решевање треба во најблиска иднина да очекуваме солидни резултати.**

БЕЛАЗЕЛКОСКИ СЛАВКО

## Разговор со студентот кој е ослободен во замена за киднапираниот гватемалски министер

# »ДАЛИ Е СЛУЧАЈНО ЗЛОЧИН ДА БИДЕШ МАРКСИСТ«

Слаб, со широка насмевка на усните, Византе Хирон Калвиљо, гватемалски студент и учител кој е пуштен на слобода во замена за киднапиран министер за надворешни работи Албер Фуентес Мор, даде интервју за странските новинари во хотелот во кој боравеше откако дојде ваму. Калвиљо се наоѓа под сталет надзор на четири агенти на службата за безбедност.

Уште еднаш, како и по доаѓањето му заблагодари на мексиканскиот народ на гостопримството и на мексичката влада за азилот, Калвиљо рече дека бил припадник на побуненичките, оружени сили на Гватемала и дека не знае за што го оптужила полицијата, бидејќи целото време од апсењето го поминал во затворот и бил мачен.

Покажувајќи ги повредите на раката предизвикани од мачењето Калвиљо изјави дека нема намера да оди во некоја друга земја.

Ова утро кога се појави пред имиграционите власти тој изјави дека неговата земја „живее во ера на терор и репресалии од страна на олигархиските власти".

Пред да ги потпише документите во кои му се гарантира заштита како политички емигрант и кои за него ги спреми власта, Калвиљо понуди да се состане со сите новинари кои се заинтересирани да зборуваат со него.

„Јас припаѓам на движењето кое има скоро 21.000 членови и кое е формирано во 1969 година и кое се бори во внатрешноста на земјата и во градовите." Тој понатаму рече дека акцијата која се одвива во градовите не е „пљачка", туку „конфискација" по кој пат се враќа на народот дел од она што е земено од народот на Гватемала.

Хирон Калдиљо вели дека е марксист. „Повторно Ве прашувам, како и вчера, дали случајно е злочин да бидеш марксист?". Тој изрази загриженост за судбината на Антонио Сиера кој е уапсен заедно со него. Синдикалниот лидер на Сиера Леоне учествувал во борбите 1944 година во Гватемала. Тој сега има 60 години и нема најдобро здравје.

„Историјата покажува — рече Калвиљо — дека сите револуционерни движења и организации имаат за цел воспоставувања на народна власт. Ние очекуваме дека ќе победиме не само во мојата земја, туку и во цела Латинска Америка и во целиот свет".

Во врска со штотуку одржаните избори во Гватемала чии резултати во тој момент сè уште не биле познати, овој 24 годишен студент рече дека сите кандидати ги смета за „птици од исто јато" и дека изборите биле обична фарса. Тој е убеден дека резултатите во никој случај нема да добијат подршка од народот. (Во замена за ослободениот министер Мор, ФАР бараше освен ослободување на Калвиљо објавување и соопштение во кое би се признало дека изборите биле лакрдија).

Хирон Калвиљо рече дека има извесни реформи кои ги веќава единствено Лукас Кабаљеро, но дека ни тие не се реформи какви што и се потребни на Гватемала.

Тој додаде дека угнетувачките сили во Гватемала нема да бидат задоволни сè додека не бидат физички ликвидирани и дека е загрижен за животот на членовите на својата фамилија.

Овој револуционер од Гватемала изјави дека во Гватемала делуваат „советници од САД и од редовите на кубанската контрареволуционери и дека оружјето од САД кое го финансира Стејт Департментот непрестано пристигнува во земјата.

Калвиљо себе се смета за „среден кадар" на силите на ФАР и ги демантираше гласовите дека Луис Аугусто Турсиос Лима кој загина во една сообраќајна несреќа бил жртва на атентат.

„Во колку маринците од САД бидат упатени да интервенираат борбата ќе стане уште пожешка, на движењето ќе се придружат илјада нови луѓе, а истото ќе се случи ако Арон Осорио пристапи кон насилство". — заклучи Калвиљо.

**(Танјугов Билтен, април)**



# СРЕДСТВ АТА ВО БОР



# БА СО ТРАДИЦИ ЈАТА

Традицијата како поим многумина ја земале за размислување, објаснување, осудување или фалење. Некој ја зема како „примитивно наследство", друг како форма и содржина на животот, а јас како мотив да ве вовлечам во содржината на написот, можеби со цел да помогнам при нејзиното правилно третирање.

Веќе десетина години постои меѓусебна соработка меѓу гимназиите „Цветан Димов" од Скопје, „Јован Јовановиќ — Змај" и „Моша Пијаде" од Нови Сад и „Светозар Марковиќ" од Ниш. Соработката најмногу доаѓа до израз во организирањето на таканаречената „гимназијада". Тоа е всушност средба на учениците од гимназиите каде пред сè доаѓа до зближување на младите, каде Србите, Маџарите и Македонците се слеваат во едно — младоста. Овие средби се одржуваат наизменично кај една од гимназиите секоја година во мај. Неколку дена се менуваат искуства, адреси, се проширува видикот, познанствата, се натпреваруваат по однапред договорени теми од сите области недоволно опфатени во наставата; се пробаат силите во сите спортски дисциплини; неколку дена се навива, радува, љуби и живее во таа младост, среќа и слобода и сè се крунисува во кулминацијата на средбата — една приредба каде сите ќе бидат наградени за своето знаење и успех во натпреварите, за сè на крајот да се заврши на станица со песни, малку солзи, бакнежи, ветувања и желби другиот мај пак да се сретнат.

Цел месец пред „гимназијадата" се живее, зборува и договара околу неа, а потоа со години се прераскажуваат доживувањата од тие неколку незаборавни дни. И со години се развиваат пријателствата склопени на неа.

Оваа година редот и честа да биде домаќин ѝ падна на гимназијата „Цветан Димов" од Скопје. Бидејќи мај е на прагот се заинтересиравме да видиме што станува со подготовките. За таа цел разговараме со неколку члена на младинската конференција и директорот на гимназијата Јанкуловски Илија.

Атмосферата во која се сретнавме оддаваше навистина предгимназијадно расположение. Се одржуваат состаноци, договори, се разменуваат писма со останатите гимназии учеснички, со еден збор тука се работи. Дознавме дека на состанокот на претставниците од учесниците, одржан во февруари во Скопје, е договорено годинава „гимназијадата" да биде на седми, осми и девети мај. Ќе учествуваат околу 350 гости кои ќе бидат сместени кај учениците „домаќини"... По сè изгледа, и ако распоредот на натпреварите по часови не е готов, дека првиот ден ќе се сретнат интересните групи и секции и ќе се одвиваат дискусиите по однапред договорените реферати од најразлични теми. Годинава домаќините припремаат реферат по психологија и физика, а и останатите одредени натпреварувачи забрзано се припремаат за дискусија по други предмети. Спортските натпревари ќе бидат малку првиот, а малку вториот ден, додека третиот ден гостите ќе бидат запознавани со градот и неговите историски паметници. Третиот ден ќе приврשат и натпреварите што евентуално ќе заостанат, а најважно е, одржувањето на традиционалната, завршна приредба во која ќе бидат доделени наградите.

Како што дознавме од директорот Јанкуловски, приредбата ќе биде во Народниот театар, додека спортскиот дел ќе се одвива во Градскиот парк на игралиштата на Вардар и Работнички, со чии управи преговорите се во тек.

Од разговорот дознавме дека постои желба за издавање и на еден локален гимназиски весник на чии припреми работи веќе оформената редакција, меѓутоа, за издавањето како и обично недостасуваат средства.

## ДАЛИ ЌЕ СЕ ДОЗВОЛИ СРЕДСТВАТА СЕКОГАШ ДА БИДАТ ПРОБЛЕМ ИАКО СЕ ПОТРЕБНИ СОСЕМА МИНИМАЛНИ

Кога бевме веќ кај средствата не интересираше како се снаоѓаат организаторите кога е познато колку е мал буџетот.

„Годинава благодарејќи на заедницата за образование која ни даде 6.000 нови динари и нешто од „Технометал", ќе успееме да се одсрамиме"..... ни рече Јанкуловски. „Но, кога сте веќе тука, Ве молиме да ја пренесете нашата благодарност на „Технометал" (инаку, како што дознавме, Мојсие на гимназијата е претпријатието „Технометал" од Скопје, кое покрај тоа што на крајот од годината ги наградува учениците со часовници и други награди, ги опреми и кабинетите по физика и биологија, а е финансиер и на една научна екскурзија). „За благодарност нека му биде тоа што младите никогаш не заборааваат"! — ни порачаа од гимназијата — „Истото важи и за младинската организација од која побаравме помош уште во почетокот на март, а сè уште немаме одговор"... додадоа.

За да го свртиме разговорот од оваа болна тема го запрашавме другарот Јанкуловски за неговото мислење околу „гимназијадата како традиција".

„Ние се гордееме со неа — ни рече — само не знам дали ќе можеме да ја негуваме како традиција зошто ако не се обезбедат постојани средства од околу 5.000 нови динари од фондот на заедницата на образование сигурно дека до година не ќе можеме да учествуваме. Замислите дека само дневниците на 7 професори кои би ги прателе учениците би биле околу 3.500 дин., а каде се ризвизитите, потоа учеството кај организаторите и низа други трошоци".

Последново ги скрши во нас надежите дека ќе можеме еднаш да фалиме, бодриме и поттикнуваме една, навистина за пример, акција која отказо стана традиција е осудена на пропаст само за 5.000 динари. Ако не можеме на друг начин да Ви помогнеме драги пријатели од „Цветан Димов", тогаш дозволете ни да бидеме со Вас во стремежот да се зачува традицијата!

**Хаџи-Наумов Венијамин**

# ПРОЕКТ ЗА ЕДЕН ТЕАТАР

70



1) Најнапред Калдерон. И неговиот „Голем театар на светот". Господ-менаџер. „Сиот свет е само една сцена."

умрел 1681.

Нам светот ни е презентиран „театрално". Воведени сме во Големиот Глобус. Околу нас: Парламент, Парада, Интервенција, Избори, Култ, Процес, Митинг, Манифестација, Вера, Мистификација, Секс! И сиот овој „репертоар" ни е сервиран како наш Идеал.
доста доволно долу
Стилско единство: на „театралноста" одговараме со „антитеатралност": Демонстрација, Штрајк, Глад, Хепенинг, Сит-ин, Поп-концерт, Марш, Протест, Самоспалување, Кукли, Детронизација, Сексуална револуција!

јуни-и-и-и

Нашиот придонес на „антитеатралноста" е ПРОЕКТОВ ЗА ЕДЕН ТЕАТАР 70.

2) Фландрија за Бројгел.

Ирска за О'Кејзи.
Шпанија за Лорка.
Македонија за нас. Изгубената слика што ја бараме.
Трагите што од неа се останати.
... кога брат очи копа, најдлабоко копа ... секогаш распарчена Македонија ... сериозни, замислени лица на комитите ... слобода или СМРТ ... мртовечка глава ... самоубиственост ... малку јаде, многу дава ... си ја имаме нашата пот ... бога за ништо не го молиме ... Инает ... луѓе од дупки ... Проклетство ... еве ти го на ... Лајно ... ако паднеше Стамбол, Дебор ќе го купеше ...
Македонија за нас. Визија што ќе ја создадеме.
Не ПРОВИНЦИЈА, ами свет против СВЕТОТ!
Конфронтацијата е вклучување!

3) Котите на нашата генерација:

Орвел, Замјатин, Хаксли
марксизам, Хо Ши Мин, Маркузе,
перманентна револуција, Дучке,
нова левица, студентски бунт
Гинзберг, Дилен, Баез, Вознесенски, Солженицин
Годар, Фелини („Сатирикон"), чешки нов филм, југословенски критички филм
андрграунд
бред енд папит
Јан Палах, будистите што се самоспалуваат
годишните времиња во Прага
Биафра, космички летови
Битлси
Григоренко, Мњачко
Кафка
Пикасо
Дадаисти, Мајаковски
Хиеронимус Бош



Земаме од:

4) Театар за плебс, а не за патрици . . . .

Брехт
умрел 1956.

Театар на револуција . . . . . . . . .
Мајерхолд
ликвидиран 1940.

Светот да се прикажува дијалектички, променлив . . . . . . . . . . . . .
Брехт

Деструкција на утврденото . . . . . . .
Американски подземен театар

Нема нов театар без нова цивилизација . .
Арто
умрел 1948.

Театар како натпревар, борба . . . . . .
Крег
умрел

Светот во театарот се менува, се создава нова реалност, театар на ритуал . . . . .
Арто

Сиромашен театар . . . . . . . . . . .
Гротовски
роден 1933.

Магичен реализам, поезија како гротеска
Вахтангов
умрел 1922.

Поука низ забава . . . . . . . . . . .
Брехт

Епска (фрагментарна) драматургија . . .
Брехт

Метод на физички дејствија . . . . . .
Станиславски
умрел

Биомеханика . . . . . . . . . . . . . .
Мајерхолд

Кукли и маски . . . . . . . . . . . .
Американски подземен театар

Семоќен глумец-супермарионета . . . . .
Крег

Глумецот во театарот се открива и така се збогатува . . . . . . . . . . . .
Гротовски

За низ синтеза на овие елементи да го создадеме нашиот

5) „ТЕАТАР КАЈ СВЕТИ НИКИТА ГОЛТАРОТ“

„Театар за мене е ако имам два глумци, четири штици и една страст!“
Лопе де Вега
умрел 1635.

6) Театар-школа

Се школуваат сите: И актерите и публиката и режисерите и сите други соработници.
Школувањето трае додека трае и театарот. И неодвоиво е од работата над претставите.

Ниеден свој резултат не ќе прифатиме како завршен. Работата над претставата не престанува со првото изведување.
Нашата цел е да изградиме актери-комплетни личности.
Школувањето не е ограничено на вежби, проби и претстави и се одвива секој момент и сегде каде што групата живее.
Процесот на школувањето содржи во себе елементи на социо и психо драма.
Во текот на работата континуирано го следиме созревањето на членовите за да спречиме Еднострачнив занатски развиток.
Актерите ќе работат на тоа потполно да владеат се психо-физичкиот апарат. Ќе се стремат кон тоа и во случаи на непредвидени реакции и пријатни и непријатни вознемирувања да можат да остварат психичка рамнотежа и потполна концентрација.
Сето ова е насочено кон тоа актерите да можат да играат на секое место и пред секаква публика.
Членовите на групата живеат заедно. Професионалното школување и работата над претставите се дополнува низ комуницирање со „Котите на нашата генерација“.

7) Комуна

Колективниот дух е основниот и највисокиот принцип на групата. Од него поаѓаме и кон него се стремиме.
Токму затоа системот на ѕвезди и првенци го одбиваме.
Сите членови на театарот еднакво се наградени.
Сите одлуки ги донесува Собирот на членовите на театарот.



8) Етика

НЕЗАДОВОЛНИ ОД:

малограѓанштината, меркантилизмот, недисциплината, тезгарскиот дух ... фосилизираноста, нафталинската атмосфера ... и
владеењето на кичот кај нас ...

ОД:

фактот дека театарот е на периферијата на општеството и вон од сите општествени токови ...
фактот дека театарот е понижен ...
фактот дека ваквиот театар е непотребен и дека живее по инерција,

СЕ ЗАЛАГАМЕ ЗА:

млад и свеж дух ...
ново достоинство на театарот ...
театар кој е прво идеал, а потоа можност за егзистенција ...
театар во средиштето на општествените токови ...
театар како свеченост и потреба!

Однос: театар—публика

Прашање прво: МЕНТАЛИТЕТОТ ...

Нетрпелив. Игнораторски. Потценувачки. Неодвоив расположен спрема сето она што ги руши неговите илузии.
Креативноста станува опасност за него. Вистинските духовни вредности тој или не е способен да ги прими, или чувствувајќи се загрозен од нив, ги игнорира и негира.
Ваквиот менталитет раѓа антагонистички однос меѓу гледачите и сцената.
Таков е менталитетот на средината во која сакаме да го оствариме „Проектот за еден театар 70“.
Антагонизмот меѓу публиката и сцената денес се премолчува. На штета и на сцената и на публиката!
Ние антагонизмот не ќе го заобиколиме, туку ќе работиме на неговото искажување. Ќе се погрижиме неговата енергија да ја исползуваме како естетски феномен во струката на претставата.
Претставата за нас е средба со гледачите низ која ја разоткриваме ситуацијата во која сите се наоѓаме.
Ќе ги испитуваме и забележуваме реакциите, емоциите и асоцијациите што се јавуваат пред, за време и, после претставата.
Тенденцијата кон БЕСПЛАТЕН ТЕАТАР ќе ни даде можност да играме за оние на кои навистина сме им потребни!

10) билност

...ишизацијата на просторот е еден од ...овниците за закоравеноста и проституањето на театарот. На сцената глум... й робуваат на компликуваната тех..., а во гледалиштето публиката им ро... на кадифето и кристалот.

...тарот 70 игра на секое место и во се... време. Нашите сцени се: улиците, зат...те, болниците, железничките станици, ...арите, гаражите, магацините...

...можеме да ја замислиме егзистенци... на Театарот 70 без постојани нови и ...ентични контакти со онаа публика која не е оптеретена од конвенции и затоа е способна за искрен контакт со театарот. Патувачкиот театар за нас е активност која овозможува најголема доза на автентично театарско чувство и во двете негови компоненти. И кај публиката и кај нас. Сметаме дека животот во патувачки театар ќе оживи во нас чувствување на театарот слично на она од античкиот и средновековниот театар.

11) СЛОБОДА НА ЕГЗИСТЕНЦИЈА И ОРИЕНТАЦИЈА НА ТЕАТАРОТ

12) Врски на Театарот 70 со другите уметности

Театарот 70 ќе настојува да ги ангажира сите оние кои ги прошируваат определувањата на овој проект.
Нашите стремежи не се исцрпени со создавање театар.

13) Репертоар

Еве ги писателите и делата со кои сега живееме и кои претставуваат замислен, утописки репертоар кон кој стремиме.
Овој круг ќе се менува кога ќе престанеме да комуницираме со некои од овие дела или пак ќе воспоставиме комуникација со некои други.

Славко Јаневски „Евангелие по Итер Пејо“
Живко Чинго „Пасквелија“
Марко Цепенко „Силјан Штркот“
Петер Вајс
Франсоа Рабле „Гаргантуа и Пантагрyел“
Алфред Кари „Крал Иби“
Сервантес „Нумансија“
Мишел д'Гелдерод
Шарл де Костер „Тил ООјленшпигел“
Јевгениј Замјатин
Фернандо Арабал
Кристофер Марло „Фауст“ и „Тамерлан“
Аристофан
Есхил „Персијанци“
Жан Жене „Црнци“ и „Паравани“
Сартр „Ѓаволот и добриот господ бог“



Скопје—Белград,
1969—1970 год.

Владимир Милчин
Мартин Панчевски
Слободан Унковски

Русомир Богдановски
Аљоша Руси
Марко Ковачевски

со мала помош на нашите пријатели и сите оние кои со ова се сложуваат.



# ДИСКО КЛУБ ТЕХНОМЕТАЛ



# Отворена големата наградна игра за професионалполитичари-ки

Драги политичарки и политичари,
Редакцијата на „Фокус“ и Друштвото на сенилните политичари, кое сестрано ја подржа наградната игра, Ве поздравуваат и Ви пожелуваат успех.
Пред објавувањето на втората серија прашања се чувствуваме обврзани да Ве информираме дека гореспоменатата редакција со подршка на исто така гореспоменатото Друштво, го усвои I-от амандман на Правилникот на големата наградна игра за професионалполитичари. Имено, третиот член од Правилникот кој гласи
... „Право на учество во големата наградна игра имаат оние политичари чиј политички стаж изнесува 10 години“ се заменува со амандманот I на Правилникот.
Амандман I. „Право на учество имаат оние политичари чиј работен стаж изнесува 2,5x10 години и кои посетиле барем една неразвиена Република, т. е. подрачје“.
Сметаме дека брзиот општествен развиток на нашето самоуправно општество, прогресивно-социјалистичките движења во стопанството, динамичните процеси во надградбата и многу останати фактори кои го менуваат ликот на нашата самоуправна социјалистичка земја, го условија донесувањето на Амандманот I од Правилникот на Големата наградна игра за професионалполитичари.

**ВТОРА СЕРИЈА ПРАШАЊА НА ГОЛЕМАТА НАГРАДНА ИГРА ЗА ПРОФЕСИОНАЛПОЛИТИЧАРИ**

1. ДАЛИ ВО НАШАТА ЗЕМЈА ПОВЕЌЕ И ПОИНТЕНЗИВНО СЕ МЕНУВААТ АМАНДМАНИ ОТКОЛКУ ОПШТЕСТВОТО?
2. ШТО Е ТОА ПОЛИТИЧКА ФАБРИКА И НАБРОЈТЕ КАДЕ СЀ ТАКВИ СЕ ИЗГРАДЕНИ?
3. ДАЛИ ГО ЗНАЕТЕ ТОЧНИОТ ИЗНОС НА КРЕДИТИ ШТО СФРЈ ГИ ИМА ЗЕМЕНО ОД СТРАНСТВО ВО ПОСЛЕДНИВЕ 25 ГОДИНИ?
4. ДАЛИ ЗАПАДНА МАКЕДОНИЈА Е КРИВА ШТО ПРЕД ДЕЦЕНИЈА-ДВЕ-ТРИ ИМАЛА ПРЕКУ МИЛИОН ОВЦИ И КАДЕ ТИЕ СЕ ПРЕСЕЛИЛЕ?
5. НАВЕДЕТЕ ГО ТОЧНОТО ИМЕ НА ГРАДОТ, СЕЛОТО, Т. Е. МЕСТОТО ВО КОЕ ЗА ПРВ ПАТ ДОБИВТЕ ДОВЕРБА ОД ВАШИТЕ ИЗБИРАЧИ?
6. ДАЛИ СЕ СЕЌАВАТЕ КОГА ПРВ ПАТ БЕВТЕ ИЗБРАНИ ЗА НЕКОЈ ПОВИСОК ФОРУМ?
7. ШТО Е ВАШ ХОБИ: СОБИРАЊЕ ИКОНИ, Т. Е. ФРЕСКИ; ДОЛГИ РЕФЕРАТИ; ТЕРЕВЕНКИ НА ДРЖАВНА СМЕТКА; ФЛЕРТУВАЊЕ СО *CALLGERIS*, ТЕАТАРСКИ И ДРУГИ ПРЕМИЕРИ; ПОКЕР; ЛОВ ВО ТРОПСКИТЕ ПРЕДЕЛИ; КОНФЕРЕНЦИИ; БАЛОВИ; РАЗГОВОРИ СО НЕПОСРЕДНИ САМОУПРАВУВАЧИ; ПРОУЧУВАЊЕ НА КЛАСИЦИТЕ НА МАРКСИЗМОТ? (ЗАОКРУЖЕТЕ ЕДЕН ОД ОДГОВОРИТЕ ИЛИ НАПИШЕТЕ НОВ КОЈ ШТО НЕ Е НАВЕДЕН)
8. ЕДЕН ИСТАКНАТ КОМУНИСТ, ВОДАЧ НА ОКТОМВРИСКАТА РЕВОЛУЦИЈА СЕ ЗАСТАПУВАШЕ ЗА ЈАВНОСТ НА ДРЖАВНИТЕ РАБОТИ. НАВЕДЕТЕ ГО НЕГОВОТО ТОЧНО ИМЕ И ПРЕЗИМЕ.

Драги политичарки и политичари,
Редакцијата се надева дека горенаведените прашања нема да претставуваат тешкотија и замор за Вашиот интелект. Доколку некое или некои прашања Ви претставуваат и најмала тешкотија, Ве молиме обратете ѝ се на Редакцијата на телефон чиј број е отпечатен на втората страна на вашиот и нашиот ценет весник. („Фокус“).
Највероіатно Вашиот интерес и љубопитност за бројот и содржината на наградите е огромен. Бидејќи редакцијата не сака да Ве малтретира и да го ускратува Вашето уставно право да бидете информирани за сите јавни работи, СВЕЧЕНО ОБЈАВУВАМЕ ДЕКА ПРВАТА НАГРАДА НА ГОЛЕМАТА НАГРАДНА ИГРА ЗА ПРОФЕСИОНАЛПОЛИТИЧАРИ (КИ) Е:
СТУДИСКО ПАТУВАЊЕ ВО ЗАПАДНА МАКЕДОНИЈА ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА „ФЕРИЈАЛ ТУРИСТ“ ОД СКОПЈЕ.

Со другарски поздрав, за Редакцијата
Владимир Шопов









# Дневник на еден просечен тип

# Дивертименто за Маца и тава палачинки

Миела Маца белите нозе
миела ем тивко им поела:
— еј мои нозе бели им дебели
снег шарпланински, дирецu солунски
еј мои нозе бели ем дебели
откако ве дигнав не сум ве спуштила
од кога заедно не сум ве видела.
Миела Маца белите нозе
миела ем тивко им поела...

Ако сакаш да бидеш универзален тип сликај се пред Универзалната сала, штом веќе Универзитетот ти е толку далеку, а акциите на Музичката младина ти звучат буржоаски. Впрочем, и онака ти си просечен тип, па и Универзалната сала и Универзитетот и Музичката младина ти се просечно достапни. Помешан со плебсот аплаудираш за бис на сестрите Мавровски, а со истиот плебс киснеш пред врата кога гостува Антоан за три илјади на крајот од стипендијата. Универзитетот го познаваш по неговите ваму-таму проблеми во „Фокус", а секоја година чекаш да се отвори шибаџиски отсек на некој од факултетите, па да дипломираш во рекорден рок. Што се однесува до Музичката младина, таа со нејзините акции може да стане акционерско друштво, а тебе ни око да ти трепне. Велиш дека се тоа буржоаски рестлови во едни неизживеани души, се повикуваш на пустото турско, се оградуваш со кинеската револуција и црвената гарда, тврдиш дека си модерен затоа што живееш во технократска ера и морничаво темпо макар и неповикан, по улиците носиш транспаренти „божем дедо ми слушал Брамс", од сите ставови најмногу ми одговара хоризонталниот", „на алегро сум алергичен, за виваче сум апче", една опера ја викаш „Кавалерија дуристана", друга „Мадам бемтефрај", трета не познаваш. После секоја најава на сериозна музика го фрлаш радиото од седми спрат, макар што живееш на третиот, а за секој фудбалски пренос, ако го нема на ТВ, заедно со татко ти купуваш ново. Бидејќи тука е и сестра ти купуваш рејдио со грамиш за да после преносот приредиш џемсејшн, ако твојот тим го победи тимот на татко ти. Татко ти ќе вришти повек од трансот на сестра ти, а андерграунд фраерите од плочата ќе ги надвриштуваат и двајцата. Во таа идилична ситуација мајка ти ќе треска со тавата полна палчинки, а бидејќи не ќе успее со тоа да ве смири ќе почне да мава со тегли џем, а потоа плочите на Бах, Хендл, Падеревски, Шуман, и Бечките симфоничари. По вас ќе лета оркестарот на Аакадемијата на Санта Чечилија од Рим, Њујоршката филхармонија, Советскиот сенароден оркестар имени Чајковскава, Холивудскиот симфониски оркестар и слични помали и поголеми инструментални асоцијации. По глава ќе ве удира клавирот на Бернштајн, контрабасот на Самарџиски ако не е на солистички концерт, диригенската палка на Чавдарски вратена од гостување во странство, чинелите на чинелистот, првата виолина на првиот виолинист. На сето згора ќе дотрчаат комшиите од сите седум спрата за да ја комплетираат атмосферата и во еден глас да се изнамаваат: — А ууу, прекрасните плочи! Така убаво ви се вклопуваа во класичниот намештај. — Тука секвенцата кулминира и следи затемнување.

При одтемнувањето гледаме пасторална силика: ти, сестра ти, татко ти и мајка ти, седете во круг чиј центар го прави баба ти Перса и ви пее:

Миела Маца белите нозе
миела ем тивко им поела
— еј мои нозе бели ем дебели
снег шарпланински, дирецu солунски
еј мои нозе бели ем дебели
откако ве дигнав не сум ве спуштила
од кога заедно не сум ве ведиле.
Миела Маца белите нозе
миела ем тивко им поела...

За тоа време Маца, вашата кукна помошничка (бединерка звучи дисонатно со твојот социјалистички поглед на море), откако ја избањала пудлицата Џејни на која беше налетала една палачинка и теглата џем во идиличниот џемсејшн, ги мести преостанатите плочи на највидното место од станот. Потоа се облекува, излегува и оди на концерт.

Што можам, френд. Написов има дидактичен карактер па мораше некој од вашата фамилија да отиде на концерт. Знам дека Маца не е од вашата фамилија, но ако остане уште десетина години кај вас, твоите деца ќе ја примат љубовта кон класиката од својата „гувернанта".

За клавирот, купен на сетра ти за роденден, најпосле ќе повикаш штимер — мајстор.

Ти спомна буржоаски рестлови во неизживеаните души. Зарем не сметаш дека бединерката Маца, пудлицата Џејни и клавирот на сестра ти не се буржоаски рестлови. И немој да се вадиш со слични фазани и транспаренти, зашто многу си транспарентен.

Коле Малинов, алиас лимунада


ФАБРИКАТА ЗА ПОРЦЕЛАН И
САНИТАРНИ ПЛОЧИЦИ
„БОРИС КИДРИЧ" Т. ВЕЛЕС
НА СИТЕ РАБОТНИ ЛУЃЕ ИМ ГО
ЧЕСТИТА ПРВИ МАЈ

# ПРВИ МАЈ Е ПРВИ АПРИЛ НА РАБОТНИЧКАТА КЛАСА!

# ПУШТАЈТЕ, БАРЕМ ВОДА!



# ПРОКЛЕТСТВОТО НА РЕЖИСЕРОТ

## ДРАГИ ИКС,

Знаеш дека занаетот на режисерите е таков што многу обврзува. Режисерот мора да го разбере и почитува зборот на писателот, да ги возбуди а да не ги повреди актерите, да ја наслушнува секоја воздишка (од здодевност или од возбуда) на публиката, да ги сфати поуките на критиката. Режисерот ти е еден исповедник.

А што е со неговиот глас, со неговата исповед? Таа и онака е тешко забележлива. Режисерот се исповеда преку секое зборче, преку секое движење на сцената. Се исповеда преку своите соработници. Тоа е „индиректна исповед“ (каков нонсенс!) Публиката и критиката најчесто се прашуваат: „Што сакал со ова режисерот?“ А кој знае дали режисерот воопшто го сакал **ТОА**.

Мислата на режисерот е **СЕКАДЕ** или **НИКАДЕ** низ претставата!!!

Се прашуваш зошто ти го пишувам ова?

Па што со тоа?

Тоа што гледам дека мојата исповед полека исчезнува, некаде на сцената и некаде помеѓу сцената и публиката.

Постојано се буниме против премиерната публика. Знаеме дека не доаѓа на театарска претстава, ами на еден општествен спектакл кој има два дела. Првиот е во фоајето, а вториот во салата. А доаѓа затоа што во вториот учествува некој роднина или пријател, или непријател на чиј неуспех ќе се израдува... И кога режисерот гледа дека голем дел од публиката воопшто не комуницира со претставата, се теши со надешта дека репризаната публика ќе заживее со претставата. Мисли на тоа и дури ги прима честитките на воодушевената и „воодушевената“ премиерна публика. Каква заблуда! Премиерата е раѓањето и умирањето на претставата! Какво бедно раѓање и бедна смрт. Потоа потонува во сивилото на празните и откупените претстави на кои гледачите грицкаат семки дури ги гледаат остатоците на исповеста на режисерот.

Но тоа не е сè. Глумците му го пружаат тоа „задоволство“ да види како одново ја режираат претставата, додаваат и одземаат, а исповетта на режисерот се топи како путер на жешко!

Уште поголем удар следи. Добиваш лекција од критичарите. Тие и не се обидуваат да допрат до твојата исповед. Ти велат дека си добар аранжер, дека добро работиш со артистите и слично. Кога ги читаш критиките добиваш впечаток дека си обичен занаетчија кој редел шарени коцки. И вчудоневиден си велиш: „Па јас и размислував кога режирав, сакав да кажам нешто!“

Поука: режирај со штоперица! Ни секунда повеќе од два часа! И Шекспир мора да биде исечен на два часа, па макар останал труп, без глава и нозе. Подобро два часа празна и здодевна претстава одошто два и пол интересна и интелектуална (овој збор сам по себе е непријатен)!

На крајот твоите дилеми сепак се разрешени. Слушаш дека „младите нема зошто да се занимаваат со револуција низ драми, па тие немаат ништо општо со револуција!“ Така дознаваш дека од корен си ја промашил работата. Нема зошто да се нервираш околу својата исповед, таа и не е исповед бидејќи „немаш ништо општо со револуцијата“. А со својата исповед сепак треба да имаш нешто општо! Зар не?

Тука ќе завршам. Можеби после еден месец ќе напишам остар, агресивен и со цинизам полн „101 начин како еден режисер сепак да се исповеда“ но сега сум сентиментален и способен само за исповед.

Благодарам за трпението,
Владимир Милчин







# ТРАГАЊЕ ПО УБАВИНИТЕ НА ФИЛМОТ

Во моментов малку кој во овој свет на неверојатнобрзи промени и уште побрзи пресметки со досегашните модни новитети, може да каже недвосмислено и непристрасно, без загреаност за некои од допадливите или фасцинантни новини — ШТО Е ТОА „МОДЕРЕН ФИЛМ".

Денес во светот, некои, на Антониевите филмови: „Ноќ", „Авантура", „Помрачување", „Зголемување"... гледаат веќе како на историско — музејски експонати од одреден еволутивен период. Филмот на атмосфера, филмот на асоцијативна, брза и исцепкана монтажа на сцените, заситените синеасти (на вистина засега уште во одреден круг) неможат повеќе да го сварат. А публиката, (се мисли на поширокиот дел) никогаш не се ни хранела доволно со него! Сето она што во себе содржи и малку патетика, не оди... Секс-ефектите, оружје кое на многумина им служеше како чисто комерцијална компонента во обидот да се пласираат сомнителни „психолошки" објаснувања — само во рет копродуховени консталации на идејата, подтекстот и оптиката — не можат повеќе во никој случај да се прифатат за сериозно.

Се чувствува во последно време заситеноста со сè и сѐшто, па дури и со нервозните социолошки опсервации на едно нервозно време. Очигледна е тенденцијата за смирување на камерата, монтажата, желбата за изнаоѓање пат и начин кон некоја нова поезија, токму на таа филмска камера. Истовремено додека со неа, преку сликата и звукот, се прави обид да се искажат одредени видови на стихови, таа на моменти постанува исто толку и подсмешлива, иронично — бизарна.

Сето тоа е доста неприфатливо на прв поглед, сè дури гледачот не свикне преку низа примери, на новото во филмскиот израз.

...Темата е сериозна, тажна, некојавистина прави обид да се пробие преку поетската симболика и сето тоа, во едено смирено темпо. Сосема ненадејно во сето тоа се јавува гег, кој и не е гег во правиот смисол. Тоа повеќе личи на симболично движење кон комичното, кон ироничното кое за малку, во следниот момент, може да се трансформира во патетика.

Примерот е тука! „Пената на денот", филм на еден млад Француски режисер дебитант — Шарл Белмон.

Бараното запослување еден млад човек го наоѓа во „земјоделското стопанство на војската и морнарицата". Тука тој со уште многумина исто така млади луѓе, на земјиштето одгледува пушки и други видови на оружје, кои растат како најобична пченка. На гранките на овошните дрвја како плодови висат рачни бомби, баражните балони расцветуваат во воздухот итн...

Постои во филмот и млада брачна двојка! Мажот се восхитува од прочуениот книжевник ЖАН СОЛ ПАРТР. (Алузија на протагонистот на егзистенционализмот).

Тие живеат во една од париските куќишта чија стопанка никогаш и не се гледа, но гледачот знае дека таа е злобна, прав тиранин. Еден ден брачната двојка се качува по скалите кон својот стан и по пат прикажуваат сериозно и реално околу проблемите на егзистенцијата. Ненадејно во пресрет им доаѓа, ним познатиот поштар, со длабоко забоден нож во грбот. Тој случајно и сосема ноншалантно им објаснува како по кој знае кој пат безуспешно се обидел да ја наплати сметката за поарчената струја од стопанката и како затоа, таа сепак ќе му плати еден ден, скапо. Сега веќе помалку лут, поштарот онака со ножот в грб си заминува низ скалите.

Се чини близок (во доменот на сѐуште модерното во филмот) со ваквите и рационал ни сцени, дијалози и „Теорема" на Пјер Паоло Пазолини.

Во куќата на извесен богат индустријалец, незнајно како и уште поненадејно, доаѓа еден млад човек. Тој е полн со љубов која одеднаш внесува среќа и радост во целата куќа. Тој претставува ангел овенчен со добрина и љубов, па сето тоа го сее до оној момент кога исто така како што доаѓа, си заминува. Од овој момент сè се свртува кон настраноста, перверзијата... оние во куќата ја откриваат другата страна на својата љубов, откриваат една религиозна хистерија, страст, очајни напади на алтуризам и шизофренија. Сето тоа оди така кон крајот и прашањето — дали ќе се спаси овој свет?

До колку модерниот филм се зема за нешто ново, тогаш е новото во создавањето на допадлива, поетизирана атмосфера, разубавена со неизбежните симболи кои од време на време ја менуваат бојата на таа атмосфера. Сепак, стравот од бегството по патетика, од повторувањето на мелодрамските ефек ти постои и токму тоа ја пресечува со привидно апсурдни, но не малку значајни — да речеме — гегови.

При сето ова текот на дејствата е успорен, монтажата не е налик на онаа во филмовите од пред три или четири години. Постои некоја тенденција кон целосна поетска слобода на творецот, во неа присутна е и извесна горчина, самоиронизирања — изразени преку остроумен начин на изненадување, шокирање — на препад.

Човекот, главната личност, притоа потполно може да се издвои од вообичаеното, но со тоа дејствувањето и функцијата на сценографијата, осветлувањето, звукот, трикови- те и останатото, мораат да го помагаат до максимум искажувањето на драмата и судирот.

И сето тоа — без снимање во вртоглави ефект, бравури...

Од една одлика, филмот очигледно се ослободува, бара нов смисол, а тој е по сè изгледа враќање на прашањето за — човековата егзистенција.

Марко Ковачевски

**ВЛАДИМИР ЈЕРМАН** е името на еден фраер кој покрај сè можеби е и мој пријател. Во последново не сум 100% убеден исто како што не сум убеден и во тоа, дека нештата подолу (кои некои ги именуваат како поезија) не се само добри „штосеви“.

Тој ВЛАДИМИР, за волја на вистината и волја негова, секако не мисли оти е голем песмо — клепец... како некои!

А и да има жебла тоа да стане, верувам оти набргу ќе ја напушти кога ќе го погледа мојов препев, превод или најпосле уништување на неговите (14) букви.

Сепак, после траумата која ќе ја преживее (се надевам и се молам за негово здравје) тој може да стане... аквизитер, шеф на железничка станица, свирач — музикант или да оди наједноставно во Заводот за професионална ориентација, па на еден прост тест да види како му било ПИШАНО.

Всушност тој и покрај сè ова, останува мој пријател, единствен.

Јас за него... највернен... навивач, мислам! Тоа што јас мислам или се надевам тоа е моја работа, а за исправноста на мислењето ќе се обидам да ви шепнам друг пат ако бидам во сегашната агрегатна состојба и ако тој ми даде шанса. Мислам, онаква!
Бидејќи доволно ве измасирав, а срце немам за дупла тура, ве препуштам на ВЛАДИМИР ЈЕРМАН, тој е... РЕКОВ? Па што со тоа!
Тој е фраер кој и покрај сè е мој (можеби) пријател, а јас со добрите стари пријатели делам сè... да знаете за друг пат.
Нештата подолу се негови, лична своина, а јас се обидов само да му бидам сопатник во доброото и во злото. „ЗАТОА! Немојте овие негови работи да ги сватите како добри“ „штосеви“, може да се случи и јас да патам БОЛНО — со него.
На крајот, Ваше е да читате а за останатото, К А К О Ш Т О М И Л У В А Т Е! ЧАО!

МАРКО КОВАЧЕВСКИ

# КАКО ШТО МИЛУВАТЕ... ... ИЛИ ПОЕЗИЈАТА НА ВЛАДИМИР ЈЕРМАН

## РАСИПНИШТВО

Многу практично е да се има часовник на рака
многу практично е да се има пари во џебот
многу практично е да се имаш себе во автомобил
весниците во креденецот се расипништво

## КАКО?

Ги сакам жените во салата
ги сакам нив исто и за ужина
жените ги сакам и во фрижидер
студените жени ви го оладуваат срцето

## МАЈСТОРСТВО

Куќата стои
како што стои мојот дом
семафорот стои
како што стои сообраќаецот
неаполитанците јадат шпагети
навистина мајсторски

## БИЛЕТИ

Билетите се секој ден сè поскапи

## ЦЕНА

Некои чевли се ефтини
некои чевли се и скапи
за нив потребни Ви се многу пари
се разбира тоа зависи од материјалот
така е сосема разбирливо
дека се најскапи чевлите со кожа од девица

## НЕДОЛЖНОСТ

Колку недолжности до сега си зел
сеуште ниедна

## ЧУДО ВО ЗАКЛУЧЕНАТА СОБА

Се разбудив хистеричен
книгите ги оставив на масата
наутро беа на столот
преку цела ноќ собата беше заклучена
и клучот на вратата
во девет вратата ја отклучив
три ноќи спиев со отклучена врата

## СЕМЕ

Тоа сум јас
тоа е мое семе

како сум среќен
како сум среќен

## СВИЊА ЌЕ ЗАКОЛАМ

Да најдам морам свиња
ќе спијам со свиња
кога свињата ќе заспие
ќе ја заколам
ќе ја изедам
потоа ќе бидам сит и наспиен

## СЕ ВЛЕЧЕ

Адам ја бакнува Ева
Ева пие whisky
Ева потоа легнува на 'рбет
Адам потоа легнува на стомак

## ДВОЈНА МУДРОСТ

Велат дека коста побргу
Ви расте ако ја стрижете во петок
други пак повторно велат дека Ње оќелавете
ако косата ја стрижете во петок

## ДЕНЕС

Денес сум жив
денес фантастично се чувствувам

## ДОЖИВУВАЊЕТО КАЈ ЖЕНИТЕ

жените ги познаваме по типично женски знаци
жените умеат да бидат привлечни
добра жена добро разбранува
слаба жена разбранува, но не добро
дива жена диво разбранува
воопшто и прикриените жени разбрануваат
жените имаат своја моќ
во осмиот стадиум жените доживуваат оргазам

## АМЕН

Јас победив

## ПРАВ

книжарката ја брише полицата за книги

## ЗАПОЗНАВАЊЕ

Познаваме часовници Искра и Инса
најпогодни се во секојдневниот
живот швајцарските часовници
на плоштадот пак е исто така голем часовник
советска изработка

ВАСИЛ ПУЈОВСКИ

# Pantologya nuova

### ЗДРАВИЦА

(Ацо Шопов)

Денеска пак ми е тешко
и никде скраја од гневот
дури пирува некој на некаков си прием
друг мака мачи за лебот.
Добра ноќ.

### ЛЕТЕН САМРАК

(Влада Урошевиќ)

ЕДНА ПТИЦА го љуби САМРАКОТ како во бајка
МРТВОРОДЕНИ ДЕЦА ја колваат горештината со пцости
АВТОБУСОТ квичи продупчен на некаква „шајка“
ВОЗДУХОТ вжештен ти доаѓа ретко на гости.

Една врата чкрипи како мртовечка глава
ОГЛЕДАЛОТО се огледува во еден камен
жените колнат, пaљачото сонце јава
заспаните спијат во еден пламен.

Треба да имаш само малку во сопствената глава
да бидеш умилкувач на „господарите на овој свет“
самонаречени мудреци ќе ти донесат лауреатство и слава
ничкојсај се што се може — па ќе си *се и поет!*



Raketenstart von Cape Kennedy



Raketenstart von Cape Kennedy

### МИСТЕРИИТЕ НА СКПОЈЕ

(Влада Урошевиќ)

Низ улиците чадат мангали што печат
некакви скапани костени костени жешки
врвулици „детишта“ на плоштадот приквечер течат
и море море препирки и море пцовки тешки.

Наместо „Меркур — импорт“ рекламата блеска „Мер — порт“
Наместо „Комунална банка“ некаква мунална анка“
човек го запира човек што цел е зажен шлатворт
на некаква ситна паричка — за смена на стопан и дланка.

И шкрипат кочници бесно, некој си прави шега
и на пешачкиот премин те фаќа страв да минеш
те плискат кални барички, почнува жал да те стега
новото палто е слика градот во бес да го жнеш.

### ИТАР ПЕЈО ЗА ЕДЕН ДРУГ

(Славко Јаневски)

Ни враг го знае, ни сам се знае
се туку опулен в пепел што зјае.

Не беше. Беше. Каде е сега
Под која боска муцка си стега.

Ни кука има. Гроб да го пикне
кај не го садиш таму да никне.

Бара што бара. Нема што нема
ветар во магла назад го зема.

Ни сам се варди, ни сам се спасил
што ли е кобец Пујовски Васил.

Што и да почне се друг му руши!
Негова круша но не и круши...

Така е. Вечно ќе биде така
Еден ќе носи друг за да граби.

Сегде подадена лакома рака
лакома рака
лакома
рака...

Каков е патов гнилеж и мразен
секаде исклештил лакоми заби.

Сам си...
не си ли самиот лаком — празен!



Raketenstart von Cape Kennedy

# Некролог, а во него момче и една земја

Карел Крил издаде лонг-плеј плоча. Плоча која прозвуче како некролог посветен нему и на неговата татковина. Но, и некролозите понекогаш можат да бидат опасни. Неговата плоча набргу исчезна од продавниците. Останаа неговите искрени зборови да не потсетуваат на овој Боб Дилен од Чешка. Боб Дилен без долга коса, без шарена облека... на нажалениот најдобро му стои црнината. И корицте на неговата плоча се црни...
Протестот во песните на Карел Крил е плод на кратко, но богато искуство. Искуство на шестгодишно дете кое не сфаќало зошто тате пребледува кога преку радио го слуша процесот на Слански. Искуство на седумгодишно дете кое не сфаќа зошто некакви чудни луѓе со чекани ги уништуваат татковите машини за печатење кои долги години на луѓето им ги даваа бисерите на чешката класична литература. И на крајот, чувствата на десетгодишното момче кое пред очите на учителката сурово било турнато по скали затоа што ѝ ја нарушувало стопроцентната организираност на пионерите. Карел Крил пее заради сето тоа. Заради суровоста, безчувствителноста и рамнодушноста со кои неговото време е полно.

**братче, затворај врата**

Не ридај, братче,
не се тоа страшила,
Па ти си веќе голем
Тоа се само војници
Дојдоа во големи
железни вагони

Со солза на окото
се гледаме
Биди со мене, братче,
се плашам за тебе
братче во патики
на патиштата кривулести
Врне и надвор се стемни
Оваа ноќ нема да биде кратка
Волкот јагне посака
Братче! Ја затвори ли вратата?

Не ридај, братче,
не трошн солзи
Клетви голтај
и сили штеди
Не смееш да ме прекоруваш
ако не стигнеме на целта

Научи ја песничката
не е компликувана
Потпри се братче.
патот е издробен
Ќе поткуцнуваме
Назад веќе не можеме

Врне и надвор се стемни
Оваа ноќ не ќе биде кратка
Волкот јагне посака
Братче, затворај врата!
Затворај врата!

**височеството џелат**

Во мрачно осветлената готска сала
трговчињата исплашени гледаат во светата книга,
а толпата убијци си бара благослов
Зашто првиот од витезите е
Височеството џелат!

Попот-ѓавол што мислата ја служи
со епитрахил-бесилка
под пурпурната мантија
шише витриол крие
Потоа суровите убијци
се втурнаа кон црвениот нос
на првиот од витезите, глеј
Височеството џелат!

На знамето државно е амблем-гилотина
Од жицата бодликава на гнилеж смрди
Над земјата јата мршојади летаат
На народот му суди
Мајсторот џелат!
Кралот клечи пред Сатана,
на железото му се радува
Толпата под платаните
Советот на мудрите го беси,
а џганот еретици се радува и ликува!
Нели првиот од витезите е
Височеството џелат!

На кошот на улицата убиец
во моралот се колне
Пред влезот во затворот
се шетаат стражи
На војничките панцири црн натпис
објавува
дека првиот од витезите е
Височеството џелат!
Над палатата на владата
се вее знаме со гилотина
Децата ги сакаат корнетите сладолед
Судиите им се налутија,
сладоледџијата им го убија

Грозна беше оваа држава
кога мораше да гледаш
како забранија да се пишува
и забранија да се пее
И тоа им беше малку!
Им наредија на децата да се молат
како што наредуваше
Височеството џелат!
Син татка си го мразеше,
брат брата уништуваше,
само пеперутката „мртовечка глава“
во оваа земја леташе
во земјата каде глави стега
Височеството џелат!

Спремил:
Владимир Милчин

# РАДИО ЛУКСЕМБУРГ Е МРТОВ, ДА ЖИВЕЕ »ЏЕРОНИМО 205«

Радио Луксембург низа години е најслушана радио станица кај нас, во Европа. Секогаш на нејзината бранова должина слушаме хитови од британската и американската топ листа, но таа музика секогаш беше не комерцијална, со краток век на времетраење. Прогресивната музика беше (и е) запоставувана. Пред една година Кид Џенсон најмладиот диск-џокеј на Луксембург ја започна серијата емисии за „музиката од друга димензија“, најнапред два пати неделно по два часа, за на крајот да ги сведе емисиите на еднаш неделно по два часа. На крајот на 1969 тој заминува назад во Канада. Тони Принц го заменува и неговите емисии ги слушавме секоја сабота од 1 до 2 часот на утро. Неговите емисии беа бледа сенка на оние што Кид ги правеше. Од неодамна Кид се врати, но и неговите емисиц не се денес ништо особено. Радио Луксембург остана она што беше — радио станица со слатки хитчиња за млади од 15—17 години. „202“ помагаше и помага во лансирањето групи од калиброт на Манкиси и другите комерцијални сурогати, како што се денес регеј ѕвездите. Од 1968 па се до денес интересот на младите за прогресивните музички остварувања, порасна во неслутени размери. Тој интерес ги натера радио станиците во САД да го менуваат својот програм и комерцијалната непрогресивна музика го доживеа првиот пораз. Во Европа не се случи она што во САД поприми квалитети на брзо менување. (барем во прво време) Луксембург како најслушана европска радио-станица тоа најдобро го потврдува. Но, интересот за прогресивната музика кај младите не стивнува. Луксембург не е веќе интересен, тој се гаси, во живот го одржува само митот за неговата „големина“. „Франс ан тер“ здобива се повеќе слушатели со пол — клубот на Жозе Артур заради застапеноста на прогресивните групи. Овој малку долг увод беше неопходен за да можам да ви го кажам поводот за овој напис. Тоа е создавањето на „Џеронимо 205“ и нејзиниот шоу „Летно сонце“. Овој шоу засега трае само 2 часа и се емитува секоја сабота од полноќ. Радио Монте Карло, творецот и патронот на овој шоу кој најскоро ќе прерасне во радио програм и тоа секојдневен, сака да им овозможи на младите од Европа да ја слушаат прогресивната музика од издадени и неиздадени албуми. И уште повеќе Џеронимо или „205“ ќе биде и сервис преку кој ќе можете да купите плочи многу порано од нивното појавување по продавниците. Во последната емисија „205“ на овој начин ја продаваше ЛП плочата на Лион Расел на која свират Клаптон, Харисон Вајмен и многу други имиња. Програмата е просто фантастична. Се емитуваат мелодии (по 3 до 4) од најнови албуми со коментар кој е сведен на минимум. Приемот е појасен од приемот на Радио Луксембург. Прав сладок колач за младите. Следејќи го примерот на американските радио станици, Џеронимо емитира и снимки кои се „позајмени“ од студијата на компаниите за грамофонски плочи и музика од илегално снимените плочи.

Да не должам. Во сабота во 12 часот навечер слушајте го Џерономо 205 и наполно ќе бидете задоволни. Луксембург потоа ќе ве тера да повраќање.

**ЗНАЧИ: ДА ЖИВЕЕ 205!**

# СЕКАКО ЧУЈТЕ ГИ ШТО ИМА НОВО?

**НОВИОТ АЛБУМ НА ЏЕФЕРСОН АЈРО ПЛЕН „ДОБРОВОЛЕЦ“**

Џеферсон ајроплен секогаш издавал вонредни албуми „Доброволец“ уште еднаш го потврдува тоа. Вонредните траки на овој албум составен од стари блузови во нов аранжман и наполно нови композиции полни се музички бисери. Оние што го познаваат овој состав од порано нема да бидат разочарани. Тој е чекор напред во нивната музика. Мене лично највеќе ме импресионира и воодушеви Грејс (по кој знае кој пат) со нејзиниот прекрасен глас. И останатите композиции се направени така што ги задоволуваат сите. (и они што го сакаат блузот, они што ги сакаат импровизациите на соло гитаристите и оние за кои вокалниот дел е најважен). „Доброволец“ е плоча за во секоја ситуација, кога се радувате или кога сте тажни, кога сте вљубени или разочарани во љубовта. Ако немате можности да ја купите, тогаш секако направете сè да ја чуете оваа плоча.

**ПРВИОТ ЗАЕДНИЧКИ АЛБУМ НА КРОЗБИ СТИЛ, НЕШ И ЈАНГ**

Првиот албум на Крозби, Стил и Неш излезе негде во август 1969 во САД. Тоа беше врвно достигнување на повеќегласното пеење. Покрај комплиментите за фантастичните композиции и нивниот вокален дел, тогаш се слушаа и некои примедби за инструменталниот дел, за неговата неизграденост. Неколку месеци потоа на ова трио им се придружи Нил Јанг (Ако сте го слушале неговиот албум од 1969, секако се сеќавате на вонредната интерпретација на „Долу по реката“. Тој инаку беше порано член на Бафало Спрингфилд).

Новиот албум на Крозби, Стил и Неш заедно со Јанг е право ремек — дело. Вокалниот дел е подобрен и доби нови квалитети со гласот на Јанг, а во инструменталниот веќе нема слаби точки, повторно благодарејќи му на Јанг. Одличен албум.

**ЛАОН РАСЕЛ И ПРИЈАТЕЛИТЕ**

Овој албум кој за неколку недели ќе се појави во продавниците во САД и Англија, вреди да се купи и чуе од две причини. Првата е учеството на Клаптон, Харисон, Вајмен, Делани и Бони, Стиви Винвуз и други во снимањето, а втората причина е вонредниот глас на Лион Расе и вонредните композиции, кои заедно со претежно доминатната клавирска придружба му даваат карактеристично обележје на овј албум.

**НАПОМЕНА: КОМПОЗИЦИИ ОД ОВИЕ И МНОГУ ДРУГИ АЛБУМИ МОЖЕТЕ ДА ГИ ЧУЕТЕ НА „ЏЕРОНИМО 205“.**



# ЗВУКОТ ВО ”70



C.

CAPTAIN BEEFHEART, CANNED HEAT, JOCAGO, CHICKEN SHACK, ERIC CLAPTON, CLARK-HUTCHINCHON, CLOUDS, JOE COCKER, LEONARD COHEN, JUDY COLLINS, COLOSSEUM, COUNTRY JOE AND THE FISH, CRAZY HORSE, CREAM, CREEDENCE CLEARWATER REVIVAL, CRESSIDA, CROSBY STILIS NASH AND YOUNG.

## CHICAGO

Првото име на вој денес сè попопуларен ансамбл беше THE BIG THING (Големата ствар) кое набрзо се промени во „Чикаго“. Чикаго е во сушност роден град на сите седум члена на групата кои денес живеат и работат во Лос Анѓелос. Едно време тие свиреа во клубот WHISKY A GO GO и патоа и во FILLMORE WEST во Фриско каде што го издадоа својот

DADDY LONGLEGS, DEEP PURPULE, DELANEY AND BONNIE, JEFF DEXTER, DONOVAN, DOORS, NICK DRAKE, JULIE DRISSOLL, DR. JOHN, JOHN DUMMER, AYNSLEY DUNBAR, BOB DYULAN

E.

EAST OF EDEN, EDGAR BROUGHTON BAND, ELECTRIC PRUNES

L.

DENNY LAINE, LED ZEPPELIN, LIGHTOUSE, LIVERPOOL SCENE, LOVE.

M.

LONNIE MACK, MC 5, MANFRED MAN, JOHN AND BEVERLY MARTIN, MATHEEF SOUTHERN COMFORT, JOHN MAYALL, LEE MICHAELS, MIGHTY BABY, BUDDY MILES, STEVE MILLER BAND, MOTT THE HOOPLE.

прв албум. Главниот композитор и аранжер е JIM PANOW кој мошне успешно го фузионира џезот со класиката и модерните музички форми. На топ листите им се проби синглот „I'M A MAN“ а овие денови излезе и нивниот дупли албум.

## CANNED HEAT

Музиката на „КОНЗЕРВАТИВНИОТ ГНЕВ“ е истовремено музика на вчерашнината и музиката на иднината, сурова фузија на старата кантри-блуз музика со морените технички ефекти. Никој од членовите нема време да се занимава со баналности од видот „Љубов и мир“ бидејќи сите тие се посветени на блузот и само на блузот. Вокалниот солист е BOB HITE кој наликува на гризли со своте веројатно 130 кила и кој можеби мумла, а помалку пее. Во еден интервју тој изјави: „Кога бев мал продавав украдени шишиња од оранжада и купував плочи од заработените пари. Тогаш се спријателв со Al Wilson кој се занимаваше со сличен бизнис. „Al Wilson е сушта спротивност на Bob бидејќи е трипати помал и потенок од него. Надимокот му е „СЛЕПА УТКА“. Неговиот глас можете да го чуете на хитовите на групата „ON THE ROAD AGAIN“ i „AN OWL SONG“. Бас гитаристот LARRY TAYLOR или КРТИЦА едно време свиреше како сешн-музичар на албумите на „THE MONKEES“(?). Последен успех им е „LET'S WORK TOGETHER“.



FACES (Warner-Reprise): Ronnie Wood, Rod Stewart, Ian McLagen, Ronnie Lane, Kenny Jones.

## COHEN LEONARD

„Секогаш кога ќе земам пенкало в рака“ вели Леонард“ не знам дали ќе напишам поема, песна или роман“. Тој е 35 годишен Канаѓанин кој успеал на сите три споменати полиња. И покрај својата возраст Кохен има создадено култ меѓу младината со своите болносензитивни композиции. На албумите *„SONGS BY LEONARD COHEN“* и *„SONGS FROM A*



FREE (Island): Paul Rodgers, Paul Kossoff, Andy

MOODY BLUES, MOONDOG, ZOOT MONEY, VAN MORRISON, MOUNTAIN.

**JONI MITCHELL**

Roberta Joan Anderson или подобро позната како JONI MITCHELL е родена пред 26 лета во Алберта, Канада. Таа е убава девојка во целата смисла на тој измачен збор. Нејзините фотографии никогаш не се во состојба да ја прикажат JONI во целата нејзина убавина. Меѓутоа, плочите се во состојба да ни ја прикажат JONI од еден друг агол. Агол на среќа, безнадежност, надеж. Агол на убавина, многу често автобиографска. Нејзиниот последен успех „ОБЕТЕ СТРАНИ СЕГА“ доживеа околу сто различни верзии и многумина ја сметаат таа песна за една од најубавите песни кои се компонирани воопшто. JONI е повлечена девојка, окупирана со свој свет во кој во последно време навлегува и ex-холисот GRAHAM NASH. Живее во LAUREL, кањонот близу

*ROOM*“ тој како да пее само за себе. Публиката како да не е важна, заборавена. Сепак во секој негов акорд илјадници ги идентифицирата своите чувства. Кохен е роден во предградието на Монтреал и таму свршува факултет: Историја. Таму му излегува првата збирка поезија која подоцна ја нарекува „Детска бесрамност“. По заминувањето за Њу Јорк објавува уште неколку збирки поезија, а потоа се оддава на патувања. Негово омилено место е грчкиот остров Хидра. Темите за кои пишува во своите песни се љубов и секс во љубовта, жестина, религија, магичност, историја... Неговите мелодии придонесоа неговата поезија да добие популарност. Инаку тие за секогаш ќе беа изгубени.

**COLOSSEUM**

Колосеум е група составена од врсни музичари кои пред нејзиното формирање свиреа во ред други познати групи. JON HISEMAN.

LOS ANGELES. Нејзиниот последен албум се вика „CLOUDS“ (Облаци), а последниот сингл „REAL GOOD AND FOR FREE“ (Вистински добро, а бесплатно).

**F.**

FACES, FAIRPORT CONVENTION, FAMILY, FAT MATRESS, FLEETWOOD MAC, FLOCK, FLYING BURRITO BROTHERS, FOTHERINGAY, FORMERLAY FAT HARRY, FREE, FUGS.

**FREE**

Групата „FREE“ (Слободно) е составена од четири талентирани музичари и тоа PAUL RODGERS, PAUL KOSSOFF, ANDY FRASER и SIMON KIRK. Пред да се сретнат тие свиреа во различни блуз групи што остави траги и во нивната денешна музика. Нивниот развоен пат се движеше по сите комплицирани музички стилови, а денес е запрен некаде на обичниот soul без труба и хор, но со нагласен ритам.

DICK HECKSTALSMIT и TONY REEVES свиреа во „бендот“ на JOHN MAYALL и тоа е доволна квалификација за нив како музичари. Првиот албум се викаше „THOSE WHO ARE ABOUT TO DIE SALUTE YOU“ (Оние кои се на умирање ве поздрвуваат), а вториот „VALENTINE SUITE“ (Суита за Валентина). Групите како Колосеум дури сега почнаа да се пробиваат во Англија со шанса дека ќе преживеат. Во останатите делови на светот за нив сè уште нема леб. „ЛУЃЕТО СЕ СÈ ПОВЕЌЕ СВЕСНИ ЗА МУЗИКАТА ДЕНЕС“ вели Rivs „КВАЛИТЕТОТ СÈ ПОВЕЌЕ СЕ ПОДОБРУВА БИДЕЈЌИ СЕ ЈАВУВААТ ИСКУСНИ МУЗИЧАРИ КОИ ЗНААТ ШТО МОЖАТ И ШТО САКААТ“. Потребно е навистина да се прифатат музичари како Колосеум ако се сака прогресот на музиката воопшто. Мора да се заборави на разноразните Aryhies и останати teeny-bop музичари. За среќа изгледа дека тоа повеќе се остварува.

FREE изјавуваат: „Ние сакаме да бидеме добра група. Луѓето се веќе уморни од супер групите кои се формираат и растураат за 24 часа. Околу нив се дига многу прав но тие всушност не се ништо специјално.“

**G.**

GALLIARD, RON GEESIN, GRATEFUL DEAD, RICK GRECH, GTOs, ARLO GUTHRIE.

**H.**

TIM HARDIN, HARDIN AND YORK, HARD MEAT, ROY HARPER, KEEF HARTLEY, RICHIE HEAVENS, HEAVY JELLY, JIMI HENDRIX, NICKY HOPKINS, HOT PATS, HUMBLE PIE.

**KEEF HARTLEY**

Киф Хартли спаѓа во редот на најдобрите тапанари на денешницата. Роден е во градот Престон кој набргу го напушта и заминува за Ливерпул. Таму во групата RORY STORM AND THE HURRICANES доаѓа на местото на некој Richard Starkey. По растурањето без пени в џеб заминува за Лондон и се приклучува на блузбрејкерите на JONI MAYALL каде што конечно го изградува својот стил. Денес Keef Hartley има свој „бенд“ во кој доаѓаат и заминуваат разни еминентни музичари. Неговиот прв албум се викаше „HALF BRED“ (Недораснат).

**I.**

INCREDIBLE STRING BAND, INDO JAZZ FUSIONS, INRON BUTTERFLY, IT'SA BEAUTIFUL DAY.

**J.**

JANIS JOPLIN, JEFFERSON AIRPLANE, JETHRO TULL, BOB JOHNSTON (producent) JUICY LUCY

**JUICY LUCY.**

Оваа група пред извесно време беше позната само по рекламите за своите плочи. Таа реклама беше една прилично дебела и прилично гола жена седната на престол со американско и британско знаме во раката. Денес, меѓутоа, по излегувањето на нивниот прв албум и и прв сингл „WHO DO YOU LOVE“ веќе може да се зборува за нив како за надежна група. Во групата се 6 члена, а нивниот водач е Glen Campbell кој нема никаква врска со кантри пеачот. Нивниот стил е секако „underground“. За својата музика Campbell вели: „Не можам да објаснам колку ми значи оваа група! Сакам публиката да се одмара во слушањето на нејзината музика. Сакам да ги заборави проблемите, а не да се напрегнува слушајќи соло партии на гитаристите. „JUICY LUCY“ овој месец се на турнеа по Америка. Да им посакаме успех.

**K.**

B. B. KING, KING CRIDSON, AL KOOPER.

ГОРАН



